**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јули 1998 година**

**Скопје, јули 1998 година**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 јули 1998 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала бр.1) со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски претседател на СОбранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 96-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Никола Г.Поповски, Ратка Куљан-Зографска, ДушанДанев, Борис Павлов и Мирко Трипуновски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинство пратеници на СОбранието и дека Собранието може полноважно да одлу-чува.

Бидејќи застанавме кај претресот по ИНтерпелацијата на работата на членот на Владата на Република Македонија министер за труд и социјална политика г-дин Насер Зибери.

Сакам предлагачите да ги прашам бидејќи РО слушнавме одговорот на министерот, дали сте расположени да расправаме во негово отсуство или да го чекаме кога ќе дојде.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

ставот на пратеничката група на ЛДП е дека би било многу покоректно доколку расправата се одложи во моментот кога г-динот Зибери ќе биде присутен на седницата, затоа што сметаме дека нема смисла да се расправа за неговата работа во негово отсуство.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Известен сум исто така дека предлагач по петтата точка Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на За-конот за зголемување на вработувањето, со Предлог на закон, истиот министер не е тука, а претставникот на ВЛадата може да дојде покасно по овој закон, така што ќе го оставиме при крајот од дневниот ред.

Предлагам да поминеме на точката 6 -

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување закон

за СОјузот на борците од Народноослободителната и антифашистичката војна на Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на

законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Ѓорѓи Спасов, министер за правда.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници, Владата на РМ денес ви предлага закон за Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија. Со овој закон се дефинира само статусот на оваа невладина и непартиска организација, нејзините основни функции, организацијата и финансира-њето. Сите други права на борците од Народноослободителната војна како и на учесниците во другите национално ослободителни војни на

Македонија, или како што во некои земји ги нарекуваат воените вете-рани се регулираат со други закони во кои е запишано под кои услови тие можат да добиваат пензија, здравствена заштита и одредени повластици што им следуваат. Оттука ова не е закон со кој се утвр-дуваат било какви нови права, или привилегии за борците во Македонија, туку закон со кој се дефинира новиот статус на Сојузот на борците како самостојна невладина и непартиска организација чии што задачи и цели се од особено значење за зацврстувашето и развивањето на РМ. Владата е длабоко уверена дека со донесувањето на овој закон ќе му биде овозможено на Сојузот на борците кој има извонредно го-лемо значење во создавањето на македонската држава да продолжи со своите активности врз нови основи на планот на негување на светлите традиции од Народноослободителната војна во Македонија, воспитувањето на младите во духот на патриотизмот и на планот на негувањето на придобивките од Народноослободителната војна и Антифашистичката ре-волуција меѓу кои е и државноста на РМ, јакнењето на македонската национална свест и добрите мегуетнички односи. Истовремено со овој закон за сојузот на борците му се овозможува да ја гради и поттикнува свеста за потребата од праведно вреднување на придонесот на секој поединец кој застанал во одбрана на татковината во било кој период од нејзиниот развој. СО тоа Сојузот на борците ќе упатува постојано јасна порака до секого дека Македонија ги почитува своите борци за слобода и дека е способна да обезбеди соодветен општествен и ма-теријален статус за нив за воените инвалиди, но и за семејствата на паднатите борци. Сојузот на борците меѓутоа не е дефиниран како цеховска организација, односно како организација на заинтересираните за своите права, туку како здружение на граѓани кое треба да одигра значајна улога во развивањето на свеста за опасноста од омаловажува-њето на придонесот во национално-ослободителните војни на Македонија како и за јакнењето на патриотизмот како вредност која е суштествена за опстанокот на македонската држава и македонската нација.

Уставот на РМ дозволува здружување на граѓаните да биде уредено со повеке закони. Оттука Владата сметаше дека е добро прво да се донесе Законот за здружение на грагани со кој се уредуваат вкупните односи во сферата на здружувањето на граѓаните, а потоа со оглед на значењето на Сојузот на борците да се донесе и посебен закон со кој што јасно ќе биде нагласен интересот на државата за постоењето на правниот континуитет на оваа организација. Врз основа на сето ова ви предлагам законот да биде усвоен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собрнаието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичка војна на Македонија.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?(61)

Дали има некој против? (никој)

Дали има некој воздржан? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска изгледа ќе бидам единствен дискутант за овој Предлог на закон. Наместо да се донесуваат најпотребните и неопход-ните закони, кои и недостасуваат веќе со години на РМ, и понатаму се предлагаат специфични закони за регулирање на материја која треба да е предмет на статути и правилници. Инаку каде ќе не водеше тоа во овој Парламент ако Парламентот се занимава и со вакви поединости.

Меѓутоа, скриената намера се знае и не е тешко да се претпоставува и именува со правото име.

Почнувајќи од "Причините поради кои наводно, треба да се донесе законот" дека тоа наводно претставува државен интерес, поради наводно значајната улога на оваа организација во наводно, создавањето и развитокот на РМ"...., па преку "Основните начела на кои треба да се заснова законот" наводно, за негување и унапреду-вање на уставно-правниот континуитет на државно-правните традиции на РМ, како да се прави на ваков начин континуитетот, а не со други акти, доброволност и отвореност на Сојузот на сите граѓани на РМ како да е овој вид организација единствен сојуз, единствен тери-торијален принцип на организациона поставеност на Сојузот на целата територија на РМ".И овој законски проект спаѓа во редот на низа други вакви и слични многу слаби од оваа, или слична врска и од ма-теријално-правен и од формално-правен аспект и се предлага само нешто да се каже и да се обидува да се докажува дека нешто се работи, кога нема доволен број на поважни припремени законски проекти кои на оваа држава и недостасуваат. Од ваков слаб предлог неможе да произлезе ниту друго побогато и посодржајно образложение, бидејќи тоа мора да биде одраз на истото и неможе да се очекува нешто повеќе.

Кога веќе се претендира да се наметнува донесувањето на ваков непотребен закон, потенцирам, правите борци кои постојат и ги почитувам, нагласувам само правите борци, ништо не губат ако се нарекуваат само како антифашистички борци, бидејќи намерата им беше добра т.е. да се ослободува Македонија од долговековното ропство за двоструко ослободување од бивша-бивша Кралевска Југославија и новите фашистички окупатори. Со помошта на некои од правите алеати оваа последната се случи со големи жртви, додека првата само се замени со ново ропство, за кое лош допринос за Македонија дадоа и некои за жал т.наречени борци кои се уште живи.

Секоја чест на правите борци, погинатите и живите, посебно на паднатите и на оние кои останаа верни на своите идеали за ослободување и самостојност на Македонија од сите национални припадности.

Меѓутоа, што правиме со тие борци, или со т.н.аречени борци кои не ги остварија, или ги изневерија своите идеали, па Македонија од едно ропство се претвори во друго како што се согласува редовно и македонската опозиција. Тие "борци" им се прилагодија на новите настани веднаш после Втората светска војна, нагласувам Втората светска војна, а не ослободителна заради задоволување на своите тесни интереси и со години ги извршија уставнит-е, законските и другите одредби на штета на сите граѓани на Македонија.

Некои од нив кои останаа доследни на своите идеали ги дадоа своите животи веднаш потоа, или и подоцна и за цело време на континуитетот на новото ропство и под т.н. социјалистичко односно комунистичко општествено уредување.

Поради овие причини, борците од сите национални колективитети на РМ ги делам на два главни дела: прави борци и предавници, било тоа да се живи или мртви.

За правите треба исто така да се спроведува посебна правна процедура и да им се доделуваат од прав демократски парламент прави заслуги од сите нивоа, до народни херои. Додека за предавниците од сите национални колективитети нормално исто така треба да се спроведува правна, но и права процедура и за истите да не се до-несува ваков закон за регулирање на нивниот статус туку да седнат на обвинителната црна клупа и да одговараат за кривични дела и како такви да сносат адекватна кривична одговорност вклучувајќи си ја и најтешката казна предвидена со Кривичниот законик на РМ.

И од овие причини предлагам да не се донесува воопшто овој закон туку да се повлекува, да се размислува и работи спрема овие насоки за определено време од страна на идниот прав плуралистичк Парламент кој го очекувам, демократски Парламент и нова демократска влада кои се очекуваат за неколкумесеци.

За овој случај јас имам поднесено амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2, член 2 став 1, алинеа 1,2,3 и член 7 и на член 8 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1 и 2, член 2 став 1, алинеа 1,2 и 3 и член 7 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Амандманот само што пристигна, бидејќи ова беше веќе шеста точка, требаше да биде првата точка за која сметав дека ќе биде дискусијата долга можеби цел ден и два дена ќе трае, меѓутоа се работи како што се работи. Јас во меѓувреме го поднесов овој аманд-ман и ништо повеќе не барам, само мислам дека претставникот на Владата еве да не речам така нареченаta, можеби немаше ни време, затоа што не се бара многу да се изменува, туку една сосема мала работа. Значи во членот 1 став 2 и во членот 2 став 1 алинеја 1,2,3 и 4 само зборо-вите "Народноослободителната борба", односно "војна" да се замени со зборовите "Илинденското востание и Крушевската Република". Тоа е токму во контекст со моето излагање. Значи тоа што јас го негирам како "војна" ако се мисли како Народноослободителна борба, или војна против странските држави против окупаторот, тоа е во ред. Меѓутоа, тоа се мисли на внатрешна борба за ослободување, а тоа како што реков веќе не беше ослободување, туку ново ропство. Барам наместо "Народно-ослободителна борба" да се замени со "Илинден и Крушевската Република" која сметам дека беше права борба, национална борба, а не камуфлирана борба и во интерес на другите. Овој Парламент треба да го прифати овој амандман како и низа други амандмани и овој амандман нема никаква врска со мене, нема никаква врска само со албанците, а можеби во прв ред со македонците и така би требало да биде. Јас го делам мислењето на апсолутното мнозинство на граѓаните на РМ дека вака треба да стои во законот, а не како што е.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

БИдејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од пра-теникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на ВЛадата да се произнесе.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Кога не се прифати она што беше најважно ништо повеќе не се очекува, затоа што ова ја дотакнува во прв ред нормално Владата и бара овој амандман во членот 8 зборовите "со Владата на РМ надлеж-ните министерства како и" се бришат. Значи тука повторно се работи за концентрација на функциите на Владата, наместо децентрализација , повторна централизација и преку Сојузот на борците владеачката партиј бара да владее и понатаму во Македонија. Овој Сојуз, секое почитување на мнозинството е само еден сегмент, еден од друштвата, сојузите вон владините организации кој не треба да се меша ако не е член на некоја партија воопшто во работата на Владата. Меѓутоа, тоа е што е. По мене овој закон ќе се изменува во новиот Парламент дури и првите денови. Затоа исто предлагам ако сме прави демократи, затоа што апсурд е, нема врска со суштината на законот, треба да се прифати ако не од оние кои нормално им смета, барем од овој дом.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, г-дине министре.

Ова е највисок законодавен дсчц, ова е демократски избран дом, избрани пратеници од страна на народто, од страна на граѓаните на РМ иако овде нема демократија,  вакви зборови сигурно не смее ни еден да изрече, зошто после тоа ќе оди во затвор. Поради што постои демократија, се е слободно и се може да се каже.

Ако некој сака да издвои што е тоа Крушевска Република и што било тоа НОВ 1941- 1944 односно 1945 година мислам деак треба од повеќе агли тоа да го гледа. Јас знам дека има не еден, има повеќе луѓе кои што мислат исто така , како што слушнавме некој збор со прв-иот амандман. Мене ми е срам што го слушам тоа. Јас имам двајца бра-туџеди Раниз и Хамид. Тие двајцата се погинати. Едниот погинал во Косово, другиот во Хрватска. Едното училиште во Шуто Оризари во мо-јата општина го носи токму тоа има "Браќа Рамиз-Хамид". Значи тие не се бореле за слободата. Биле нешто друго. Не е можно тоа така да се рече. Тоа е срамота. Срамота е пред светот, пред луѓето , пред новинарите, пред нас пратениците избраници, да се зборува такво нешто

Јас знам некаде во 1989 година, 1990 година, наоѓајки се во Австралија читајки ја Пререстројката и знаејки се што мисли аме-риканскиот претседател за рушење на Берлинскиот зид и т.н.  дека ќе дојде ново време, демократија. Меѓутоа, тоа не значи дека треба се друго да се стави испод нога. Пред некој ден ние се вративме од Кина. 10 дена бевме таму. 10 години пред нашата ера они имаат споменици и никако не се однесуваат како ругло пред тие споменици. Ги почитуваат.

Самите споменици зборуваат за нивната историја, кои се што се и како се. Ние мислам дека треба да ја гаиме нашата историја, да ги респектираме и почитуваме, без разлика што ние денес живееме во едно ново време кое се вика малку поинаку од тоа. Меѓутоа, ако тие борци тогаш не беа , ако ги немаше тие погинати тогаш, ние денес можеби многу помалку ќе успеевме во нашите работи, или само ќе беше тоа почеток. Ние почиваме над се она што светот го признава и по повод прославата на 50-ет годишнината од победата над фашизмот, на која присуствуваше нашиот претседателе, г-динот Киро Глигоров, и сега дека имаме сеуште живи борци кои што предложија закони и треба да ги прифатиме. Мислам дека таквите дискусии не држат и треба да бидеме свесни за својата општествена положба и за одговорноста која ја носиме пред нашето бирачко тело.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Не ми е до реплика затоа што сите национални припадности во Македонија, а посебно ромите како повеќе изоставени ги ценам, ги почитувам и во овој Парламент колку ми дозволуваше времето сум ги бранел најобктивно. Не е едини претходниот него и повеќе пати сакаат да се фаќаат со мене во реплика, само јас не реплицирам со него, тешко ми е незгодно ми е, да не кажам и жал ми е. Само една рече-ница дека тоа што гокажав јас, претходниот воопшто не го следел и нема врска со моето излагање, а не е тоа прв пат низ мојата одбрана на амандманите. Документите се тука,имам и писмен состав , тоа што го кажав веќе во еден дел ќе го приложам кон стенографските белешки и моето излагање и мојата одбрана на амандманите и неговото излагање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Фаик Абди.

Ве молам, дајте да дискутираме за амандманот.

**ФАИК АБДИ:**

Ако мојот степен на знаење и интелектуалност и т.н не раз-бира што се сака со такви изјаснувања овде во овој законодавен дом, таман работа. Како да незнам јас, незнам што сум сакал да кажам. Не е тоа, не сум знаел што да кажам. Се знае јас што сум сакал да кажам и тоа перфектно. А г-динот Сали Рамадани и јас го ценам многу и тоа перфектно го ценам. Јас знам дека ги брани боите и на ромите затоа што гласале за него. И понатаму нашето убедување ќе биде како што ние ќе речеме таму за ромите од неговата изборна единица , како што ќе се договориме. Нека не му биде жал за мене заради тоа што не ме познава доволно. Напротив, јас го жалам заради тоа што зборува вака. Но, тоа се човечки мани и особини. Со сите добри и лоши детали човек-от истапува на говорница. Мене ме

избраа во мојата изборна единица "Шуто Оразира". Јас им признавам на тие граѓани. А мојот рејтинг пред овој парламент, пред граѓаните на РМ, сам го градам. Сам сум го изградил и го градам. Од мене зависи. Така и г-динот Сали Рамадани, не сакам да зборувам, јас зборував воопшто, општо зборував за НОВ и тие што загинаа и тие што се бореа на чие тло почива се она што го имаме ние денеска и ако не ме разбра добро он тоа е негов проблем, негова работа. Јас го разбрав него многу убаво и меѓу редови и онака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Амди Бајрам.

Само, Ве молам, ако мегу себе се почитувате немојте вакви комплименти да си доделувате.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници,

Бидејки, гледам почнавме да дискутираме, почна да има и некои реплики овде меѓу нас, треба да сватиме сите дека ние ромите сме во Уставот на РМ, признати во преамбулата и мислам се што ќе треба во Македонија и што треба некој закон да донесеме треба да сметате дека ромите се ставени во преамбулата на Уставот на РМ. Барам од овој парламент од денес да сватите сите многу по сериозно дека ние сме граѓани на РМ и се што ќе се предложи и се што ќе треба да биде во Македонија нешто предложено, треба да ги предлагате и ромите затоа што и роми,пред малку колегата мојот г-динот пратеник Фаик Абди кажа дека и роми има паднати борци, сите за оваа денешница се бореле, така и ние ромите сме придонеле за оваа денешница. Барам од денеска , видете ако на некој овде парламентот му е куклен театар, за мене ова не е куклен театар. Ако некои сакате да си префрлувате меѓу Вас некои работи овде јас мислам дека треба да бидете по сери-озни. Јас кога си седам на своето место и некој кога излегува на говорница, јас не правам за некого куклен театар. Треба да сватите дека ние ромите не сме куклен театар, не сме маскенбал овде да се заебавате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте Ве молам со вакви зборови.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Да, да. Тоа се гледа овде, има директен пренос, се гледа која партија што и како ги цени ромите. И за тоа на овие парламентарни избори ќе видиме за кого ќе ги дадеме гласовите икако ќе се одлучиме. Досега доста сте се играле со ромите. Бидете сигурни дека нема да се играте соромите. Било што било досега. Гледаме како се насмејавате. Ве гледам колегите од мојава лева страна кога говорам тука како ... Толку Вие е рејтингот во Собранието и какво Ви е на понашањето. Фала Ви на понашањето овде, а моето излагање беше овдека за да земате во предвид, кога се предлага нешто, ромите да бидат земени во секое нешто кое се предлага, или некој закон кога треба да се донесе дека ние сме граѓани на РМ, нормално и во Уставот сме и во преамбулата и знаете дека Киро Глигоров кога беше излагањето негово во Европа, во Европскиот парламент што кажа, дека со ромите, турците и другите националности и не би сакал многу банален да бидам, но фала им на тие што се исмејаваат тука, ќе се видиме на наредните избори, за кого ќе гласаат ромите. Дали еден Ром за таа лева страна на ЛДП, што се смејат, ќе гласа. Нека не мислат, како што ги добиле изборите, на некој начин, со едно пиво и со една вреќа брашно што правеле, што ги пијанчеле луѓето и во Кочани и на други места се. Нема тоа да биде. Бидете свесни, два досега пратеника има, ќе Ви покажеме уште многу, по избирачкото тело, колку пратеници ќе бидат. Нека се исмејаваат. Но, ромите нека видат што значи ова нивно исме-јавање и што значи некој кога ќе предлага за ромите. Нека им служи на чест.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ги молам, сите пратеници да го чуваат достоинството на парламентот, навистина.

Ве молам г-дние Бајрам седнете си на место и немојте да се расправате. Ве молам.

Амандманот го ставамна гласање?

Кој е за , молам да крене рака? (1)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Сојузот на Борците од Народноослободителната и Антифашистичката Војна на Македонија.

Минуваме на седмата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со текстилни производи меѓу Република Македонија и Европската заедница со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работнтие тела на Собранието Ви се доставени односно пдоелени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со текстилни производи, емѓу Република Македонија и Европската заедница.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржув аод гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор. (Никој)

Бидејки никој ен бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржув аод гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратифика-ција на Спогодбата со текстилни производи меѓу Република Македонија Европската заедница.

Минуваме на <u>осмата точка од дневниот ред</u> - Предлог за доне сување на закон за формирање Фонд за поттикнување на развојот над стратешките земјоделски култури и производи, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон-от и извештаите на работнтие тела на Собранието и мислењето на Вла-дата Ви се доставениодносно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор, г-динот Вељо Тантаров, предлагачот на законот.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници.

Законот што го предлагам за формирање на Фонд за развој на стратешките култури, го гледаше Комисиајта за земјоделство, шумар ство и водостопанство и таа во својот извештај предлага овој закон да се донесе во две фази. Јас овој предлог на Комисијата ќе го подд-ржам.

Како предлагач на законот за формриаање на Фонд за поттик-нување на развојот на стратешките култури односно Фонд преку кои тре ба да се обезбеди враќње на премиите и регресите за овие култури,

што се укинати по барање на светските банкарски институции, ќе се обидам преку еден мал вовед да ги презентирам причините за формирање на овој Фонд и целта што треба да се псотигне со неговото функциони-рање во борбата на нашите земјоделци за повеќе храна и ослободување на нашава држава од зависноста од увоз на храна.

Господа пратеници,како што знаете премиите и регресите од државниот Буџет се издвојуваа како државна помош за поттикнување односно за покривање на едно мало делче од огромните производни тро-шоци што се вложуваа за производство на пченица, сончоглед, шеќерна репа , маслодајна репа, млеко и тутун и претставуваа еден стимиланс за нивно производство , се укинати пред три години. Премиите се из-бришани од Законот за поттикнување на земјоделското производство, а регресите аз семе за овие култури, потоа за гориво за минерални ѓуб-рива за хемиски препарати и за регресирање на дел од каматите од земјоделсктие кредити, се исфрлени од државниот Буџет. Значи одамна народните пари не се во служба во борбата за повеќе храна од нашиве полиња.

На прашањето зошто се укинати оние државни помошти за производство на храна, одговорот е познат - господо, така нареди високата господа од Светската банка и ММФ и другите банкарски и светски институции што даваат помош за нашава држава и овие мерки се укинати. Значи со укинувањето на премиите и регресите за споменатите култури, нивното производство, господо, западна во незавидна сосотјба. Заради бришењето на буџетската помош, потоа замрзнатите откупни цени што 5 години не се покажени, со исклучок на пченицата што пред некој ден Владата ја корегира цената, потоа заради бришењето од листата на заштитни цени на сончогледот, шеќерната репа,маслодајната репа, а во оваг листа остана само пченицата и тутунот, производството на пченица,сон-чоглед, маслодајна репка и шеќерна репка белеши големо намалување.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (продолжение)

Оваа вистина пред извесно време ја потврди и Минситерството за земјоделство, шумарство и водостоапнство во својата Информација за состојбите во аграрот. Г-до, овие стратешки култури, без кои не може да се замисли животот во нашата држава, наместо да одат нагоре, паѓаат надолу.

Инаку, во битослкиот дел на Пелагонија, каде со години по ред се остварува над 1/3 од вкупното произвоество на пченица, 1/2 од прпоизводството на сончоглед во нашава држава и цело производство на шеќерна репа и маслодајна репка, состојбите со производството на овие култури се загрижувачки. Ќе споменам дека битолските приватни земјодлеци во 1995 година кога цената на пченицата изнесуваше 10 денари плус 2 денари премија, овие земјоделци на државата како пазарен вишок и предадоа 33 иљадистони пченица. По укинувањето на премијата и регресите наредната 1996 година производството е трипати помало, односно продадени се само 11.000 тони пченица. Минатата година овие количини се уште помали и изнесуваат само 8.000 тони. Летово по тропските горештини прашање е дали ке се произведат и 7.000 тони. Зборував за приватниот сектор.

Значи, со ниски откупни цени и високи производни трошоци нема пченица и сигурно ќе нема леб од домашно производство на пченица. Лебот и натаму ке се увезува од соседните или преку многу мориња и океани држави. Сиромашните девизи ќе се трошат за туѓо жито, а нашите полиња ке стојат не орани. Господо со 1.000 ДМ трошок за производство на 1 ха . пченица и доход само од 200 марки по 1 ха. нема и ќе нема домашна пченица.

Понатаму, кога станува збор за формирање на овој фонд пак еден пример од битослкиот дел на Пелагонија. Овојпат ке кажам нешто повеќе за состојбите со производствоот на сончоглед и маслодајна репка.

Имено, пред неколку години овде приватните земјоделци произлегуваа по 6.000 до 7.000 тони. сончоглед. По укинувањето на премијата и замрзнувањето на цената на сончогледот и свртеноста на нашава држава кон увоз на сурово масло и готово масло, сон чогледот се избрка од нивите на земјодлеците. Минатата година, за голема стра-мота, се откупени само 50 тони 100 пати помалку од просечното проииз-водство на сончоглед ов приватниот сектор. Годинава во битослкиот дел на Пелагонија нема сончоглед и за лек. Исто така како што е избркана и маслодајната репка со подолго време веќе заради познатите причини со цената не се сее. Мислам дека денес за 5 кгр. сончоглед да се купи 1 литар масло нема земјоделец што ке може да ја сее оваа кутлура, а паритетот од секогаш бил 3 кгр.сончоглед за 1 литар масло.

Ваква судбина, господо, ја снајде шекерната репа. И таа со ниски откупни цени и без премија од година во година се помалку ја има во нашатав држава. И за шекерот очите на нашите трговци се свртени кон увозот. Ние иамме земја, вода, и сонце за производство на доволно шеќерна репка за потребите на Шеќераната во Битола, само немаме своја производна политика за производство на оваа култура. Затоа, повеќе години нема ни шекерна репа, ни шеќер од нашите полиња.

На вакво и уште полошо дереџе се наоѓа и производството на пченка, за кое и покрај тоа што имаме стотици докотори агрономи, економисти, институти, сеуште се произведува во приватниот сектор оние стари кооперации што се предвидувале кога е донесена оваа кул-тура во ) нашата држава.

Инаку, поланската инфлација и сите други инфлации од 1994 година наваму, пак ќе зборувам нешто за пченицата, таа цена што изнесуваше до неодамна 10 денари не бшее 10 туку беше само б денари. Со оваа цена г-до земјоделците не можат да ја произведуваат нашата суровина за домашен леб. Ќе сеат само за себе или за добитокот. Земјоделците велат дека подобро добитокот да јаде пченица, отколку трици, чија цена донеодамна како што реков беше иста.

Господа, заради ваквата состојба со цените на овие култури потоа премиите што се бришани и регресите, во битолскиот дел имаме масовно напуштање на ораниците. Во системот "Стрежево" кој во приват-ниот сектор треба да наводнува околу 8.000 хк. обработлива површина, 2.000 ха се оставени како напуштени ораници односно на нив ништо не се произведува.

Деновиве почна жетвата на пченмцата, се жнее тоа што остана по тропските горештини и големата суша. Се што ќе се жнее ќе се про-даде за покривање на трошоците. Пред жетвата на пченицата господа пратеници цел месец траеа расправиите меѓу земјоделците и мелничарите околу коркеција на цената на пченицата. Владата на РМ пред неколку дена најде храброст оваа цена да ја корегира и од 10 денари, како што реков што беше утврдена уште во 1994 година, да ја покачи цента на 11,50 денари, плус трошоци за трнаспорт од полето до силосите. Мегута, што се случува денес? И покрај тоа што пченицата масовно се жнее и се носи во силосите на мелничката индустрија, мелничката индустрија и понатаму во своите кантари и белешки не сака да ја стави цената што ја утврди Владата на РМ односно и понатаму н ашава мелничка индус-тирија бара пченицата да ја купи по онаа цена како што ја купуваше досега. Земјоделците не бараат преку леб погача, бараат цената на пченицата да бидеа иста со цената на увозната пченица.

Како што е познато, од Нова година до оваа жетва во нашава држава се увезегаи околу 180.000 тони пченица по цени од 13 до 14 денари Значи, нашите мелничари можеа да дадат по 13-14 денари, а сега не можат да платат 11,50 денари за килограм пченица и вршат притисок кај нашата Влада да се зголеми цнета н а брашното и лебот, наводно со тоа да се покријат трошоците, односно ке се покрие загубата од тоа што ќе ја купат домашната пченица по новите корегирани цени.

За мене тавката постапка на мелничарите е неоправдана затоа што ако цената на пченицата што беше увезена по 13-14 денари; на мелни-чарите им носеше големизагуби, господа пратеници, нашата мелничка, индустрија требаше уште на почетокот на увозот да бара корекции на цените на лебот и брашното, а не денес кога треба нашата пченица да се купи по новите корегирани цени, да бара зболемување на цената на лебот и брашното, односно опонирање околу исплатата на домашната пченица по новите цени.

Господо, мислам дека мелничарите не се во право, тие долго време си играат со нашите земјоделци и нивното тврдење ако пчени-цата се плати во 11,50 денари дека ке им донесе загуба се обична лакр-дија, затоа шпто како што е познато во нашава држава во последниве три години, покрај таканаречените 30-тина државни мелници се отворени уште 63 приватни мелници. Господо, ако овие мелници работеа со загуба немаше да се подигаат односно да се отвораат нови мелници.

Би ве запознал со една друга работа.Кај нас во приватниот се.ктор, зборувам за битолскиот дел на Пелагонија, во последниве три до; метири години не е купен ниту еден житен комбајн, нема купено ниту еден трактор. Со вакви цени на земјуоделските култури не може да се купи плуг, а не станува збор како што реков за купување на трактор или комбајн.

Со оглед на тоа што овој Закон предлага преку Фондот да се врши и стимулирање на производството на тутун, би сакал да кажам збор-два и за состојбите со оваа култура. Сегашните состоуби со про-извoдство на тутун, со формирањето на овој Фонд односно откако ќе се обезбедат услови и тутунот да добива премија и соодветни регреси за неговото производстов, се надеваме дека сегашнтие состојби со тутунот ке бидат потполно изменети. За тутунарите, најголемите маченици во полето, преку овој Фонд како што реков треба да се обезбедат сред-ства и за премии и за регреси, за

покривање на трошоците околу неговото производство и зголемување на раобтните дневници на луѓето што го произведуваат тутунот, кој бара околу 50 операции, денес ни се најниски во нашава држава. Пониски се дури и до помошта што денес нашава држава ја дава како социјала. на некои невработени лица.

Господо, тутунот, земјоделската култура која со децни е водечка култура во носењето девизи за нашава држава, култура што ја произведуваат околу 50.000 домаќинства од селото и градот со ангажи-рање на преку 250.000 работници заслужува да добие подобар и подмаќински третман од нашата држава. Зашто со формирањетона Фондот, покрај нисктие цени, тутунарите би добиле и по една или две марки повеќе за секој продаден килограм тутун. Ако тоа не може да го најде државата, ако откупувачите на тутунот не сакаат да им се чепка во џебовите по пари за поголема цена на тутунот, тогаш преку овој фонд ќе можат да се обезбедат средства за покривање, каско што реков на дел од тие големи трошоци.

Неодамна минситерто за финансии, г-динот Таки Фити кажа дека минатата година од тутунот од продажбата на цигарите во Државниот Буџет се влезени над 1.000.000.000 денари. Тој податок е добар, госпотниот минситер требаше да каже колку од тие пари да се влезени во Буџетот преку тутунот ке бидат вратени за оние што го произведуваат тутнот. Досега како што знам, ич господо. Тие пари се трошат за други намени. Како што реков, со овој Фонд едно делче од тие големи пари што влегуват во Буџетот од тутунот ќе се враќаат за прозводство на оваа култура, односно за оние кој го произведуваат, за нивнит деца кои не знаат што е ни море, ни езеро, ни планина додека го посадат, соберат и го однесат на кантарење.

Господа пратеници, во услови кога нашава држава игра онака како што и свири Светската банка и ММФ, за добивање кредит, произвоид-ството на овие кутлури може да се обезбеди само преку формирање на овој фонд за овие култури. Преку него и во повеќе наврати кажав дека ќе можат да се вратат изгубените премии и регреси. Инаку, во Буџетот на Рм додекаповие банкарски светски институции ни го диктираат нашето работење, земјодлеацитe сметаат дека нема шанси да се врати државната помош за роизводство на овие култури. Впрочем, низ цела Европа каде што на аграрот му се дава посебно значење постојат вакви фондови.

За цените што треба да се постигнат со формирањето на Фондот ке кажам неколку зборови. Се надеваме дека со надолното одење на производството на пченица, сончоглед, шеќерна репа, производи што подолго време не ги задоволуваат домашнтие потреби, бидејќи сите знаеме дека имаме недостаток на околу 150.000 тони пченица, над 10.000 тони масло за јадење, околу 30.000 тони шеќер, се очекува оправдано зголемување на овие стратешки култури, по кои всушност би се препознал домаќинлукот на секоја држава. Премитие и регресите за овие култури што ќе се обезбедат преку овој фонд ќе бидат добра гаранција за поголем интерес на земјодеалците за нивното поголемо производство. Со овие мерки ке се намалат производните трошоци и ќе се обезбеди поголема примена на нивнтие агротехнички мерки што се неопходни за едно поголемо и поквалитетно земјоделско производство. Господо, по укинувањето на премиите и регресите, примената на современата агротехника во нашава држава за жал наместо да оди нагоре, оди надолу.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (продолжение)

Употребата на вештачки губрива станасимболична во при-ватниот сектор. Во Битолско, порано се употребуваа две-три илјади тони компосни ѓубрива. Сега, оваа бројка не достига ни 100 тони годишно. Каде одиме со една ваква примена на агротехниката?

Така и со употребата на квалитетно семе, на хемија и се што треба за едно не само модерно, туку добро производство.

На крајот ќе кажам нешто и за изворите на средства што треба да се кумулираат во Фондот за поттикнување на развојот на земјоделските култури.

Се предлага овој Фонд да обезбедува средства од прелевмани со плаќаат при увоз на сите прхрамбени производи, потоа од царини со кои се заситува домашното производство на храна, дел од данок од земјоделска дејност, данок на промет на прехранбени производи, дел од данокот на земјоделска дејност, средства од закупот на држав-ната земја што ќе се дава на нашите комбинати, задруги и приватни земјоделци, средства од Буџетот на државата и дел од данокот што денеска се плаќа и акумулира од цигарите.

Средствата што од овие извори ќе се акумулираат во овој Фонд, покрај тоа што ќе служат за премии за спомнативе култури, се предвидува да се вложуваат и за други намени што ќе бидат утврдени со програмата на Фондот.

Во овој закон предлагам Фондот да биде составен од Упра-вен одбор, своја дирекција, седиштето да биде во Скопје, не бараме овој пат да биде во Битола како што тоа беше со Агенцијата за приватно земјоделие. ФондОт ќе има свој Управен одбор од девет членови од кои шест ќе бидат земјоделци, двајца од Агенцијата за развој на приватното земјоделство и еден од Стопанската комора. Членовите на Управниот одбор треба да ги именува Владата на РМ.

Се надевам дека, г-да пратеници, овој Предлог за доне-

сување на закон кѕ биде прифатен ид ваша страна, за што во името на сите земјоделци во нашава држава би изразил посебна благодарност

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почи-туван претставник на Влада,

Пред да го изнесам своето мислење по законот би сакал најпрво да кажам дека ќе го поддржам донесувањето на овој закон и ќе гласам за него. Меѓутоа, најнапред да укажам на некои мои забелешки до предлагачот на законот, г-динот Вељо Тантаров, па потоа би ги искажал и моите забелешки и до Владата.

Пред се , не би се согласил со насловот на законот "Пред лог за донесување на закон за формирање фонд за поттикнување на развојот на стратешки земјоделски култури и производи со Предлог на закон". Предлагам насловот да биде Предлог за донесување на закон за формирање на фонд за поттикнување на развојот на земјоделските култури и производи. Без она "стратешки". Ке кажам од кои причини предлагам зборот "стратешки" да не стои:

Ценам дека во РМ многу земјоделски производи и земјодел-ски култури пред извесно време беа прилично застапени и Македонија се гордееше со производството на тие производи. Сега, последниве години сведоци сме дека голем дел од тие земјоделски култури исчез-наа од полињата на РМ , токму како резултат на една погрешно водена аграрна политика.

За кои култури станува збор?

Имено, памукот беше поприлично застапен во источните и Југоисточните делови во РМ. Сега, памукот е речиси сосема напуштен од полињата во Марседокија иако Македонија има потреба од памук. Таа е увозник. Имаме предуслови, површини за памук и мислам дека со една адекватна аграрна политика во иднина и памукот како и дру-гите култури може да биде вратен на домашните полиња.

Понатаму афионот, сведоци сме дека и афионот последните години е во исчезнување. Имаме услови за негово производство, за неговите производи постои интерес во РМ , постои интерес и за извоз во други држави, но сепак, кај нас веќе производството на афион е на симболични површини. Мислам дека и тоа е резултат на една лошо водека откупна политика што со години се практикуваше во РМ.

Згора на тоа би го спомнал и оризот, Оризот, навистина со потсмев се глепаше во овој Парламент и во мкогу можности кога се дискутираше и во Комисијата за земјоделие, и во други можности, но би сакал да потсетам дека со една ваква политика што Владата ја има и кон оризот ќе дојдеме во ситуација навистина да има потреба да се увезува ориз. Навистина, со една ваква откупна политика еден ваков третман што оризот го има сега, моментално во РМ , на пат сме и оваа национална култура да ја изгубиме од полињата во РМ.

Сведоци сме дека во континуитет Владата дозволуваше, преку министерството за финансии, преку Министерството за стопанство некои фирми што воопшто не се занимаваат со производство, во конти-нуитет увезуваат поголеми количини ориз. Тоа не беше соце да ги задоволуваат потребите во РМ од ориз, туку тоа беше политика на Владата да го уништи производството на ориз.

Од оваа говорница често зборувавме , баравме информации колкава количина е увезена, меѓутоа се молчеше. Одговорот беше из-бегнуван. Од друга страна, преку Министерството за финансии и преку царината, добивав информации дека секогаш секоја година од 50 до 100 шлепери се увезуваше

ориз. Трагедијата да биде уште поголема за овој увезен ориз никој не плаќаше царина, никој не плаќаше данок. Се увезуваше за доработка и истиот, место да се извезеше или да му се платеа основните давачки при увозот, тој така, без никаква доработка, се продаваше на домашниот пазар. Со тоа и ден денеска производството на ориз во Кочани и кочанско стои по магацините. Не се точни некои информации дека е откупен. И она што беше откупено, голем дел сеуште не е исплатено, а да не зборуваме за цената.

Понатаму, во овој закон недостасува и една разработка зошто одредени производи, земјоделски култури исчезнаа и што се треба да се направи повторно да се вратат овие земјоделски култури и како и вие да произведув-ам& це&ата на чинењето нашите земјодел-ски производи да биде што پониска.

Ние мораме, да кажам,продаваме на нашите земјоделци нај-скапи вештачки ѓубрива со највисока цена во Европа. Нашите земјодел-ци со овие цени на репроматеријали, на семе, на вештачки ѓубрива, на пестициди, во никој случај навистина неможат да бидат покриени тро-шоците, само производните трошоци со продажбата на овие земјодлески производи. Производните трошоци се многу поголеми од она што може земјоделецот да го продаде.

Од Владата побарав да изготви една информација со реекс-портот односно транзитното поминување на доматите низ РМ.

Почитувани пратеници,

И тоа е едно лошо водење на аграрна политика, и тоа беше политика против домашното производство.

Како би го јас образложил, до вас, ова што се дозволи, за моја информација, а еве и за ваша нека биде, дека поминаа некаде

над 100 шлепери со раноградинарски производи низ РМ на двата гранични премини. Со тоа директно се загрозуваше пласманот и цената на македон-ските градинарски производи, домати и краставици во соседна Република Југославија. Тие домати поминуваа низ РМ како транзитно поминување, влегуваа во Југославија со комплетно фалсификувана документација дека земјоделските производи се произведени во РМ, обезбедени со ЕУР обрас ци дека таа роба, дека тие земЈОделски производи се произведени во РМ и на тие производи во Југославија беа ослободени од плаќање царини и други давачки, бидејќи во документацијата гласеше дека се македонски. Со тоа е нанесена исто така огромна штета на нашите земјоделски про-изводители кои се занимаваат со производство на тие производи.

Од тие причини мислам дека во иднина мораме да изградиме една, навистина, адекватна аграрна политика во насока да се произве-дува со реални можности за откуп и доработка на овие земјоделски производи. Ние, бидејќи немаме изградено една откупна политика во државата, тоа што се произведуваше земјоделците беа принудени да го продаваат самите како знаат и умеат. Згора на тоа, редовно секоја година тие исти производи се увезуваа од други држави како резултат на таа лоша политика, увозна политика. нашите производи стоеја во амбарите на земјоделците и тие дојдоа во состојба воопшто да немаат финансиски средства, да го обноват, за проста репродукција на своите производи.

Од тие причини мислам дека овој закон треба да биде донесен земјоделците треба да бидат стимулирани во нивното производство, треба да се најде начин и можност да се ограничи увозот на оние производи што ние, навистина, ги Имаме во доволна мерка и количина што можеме и да ги извезуваме на другите пазари.

Навистина се наоѓаме во едно пазарно стопанство, пазарна економија, на која не можеме кој знае какви бариери да воспоставиме, но сепак , не би смеело да се дозволи и понатаму увоз на овие произ-води или пак така, под името на доработка или реекспорт, со изигру-вање на нашите позитивни законски прописи да дојдеме во состојба тие привремено увезени производи да се најдат на пазарите во РМ.

Затоа, јас се залагам во вој закон да најде место не само како што се наброени стратешките, јас не би се согласил со предлагачоч г-динот Тантаров, за мене е поисправно да бидат опфатени и стимулиран!-сите земјоделски производи. Не би издвоил некои стратешки и други по-малку важни, од причина што РМ е увозник на овие производи.

Таа е увозник и на пилешко месо. Јас во неколку наврати изнесов дека Македонија сега издвојува од 20 до 30 милиони долари само за пилешко месо.

Почитувани пратеници,

Јас воопшто не можам да се согласам со овој предлог, односнс со овој податок затоа што имаме живинарски фарми, имаме можности да се произведуваат, мислам на пилешко месо од мисирки. Единствен проб-лем кај нас претставува изградбата на една или две модерни и совре-мени кланици, бидејќи услов да егзистираат овие фарми за пилешко месо и мисирки е да имаме кланица за нивно колење. Во Републикава немаме такви кланици, а услужното колење во Југославија и Грција е многу сложено и многу скапо. Тука се царинските бариери, транспортот и тн. Тоа е еден од основните фактори. Меѓутоа, со овој закон може да се изградат такви механизми да се овозможат инвестиции и развој и на живинарството , со цел РМ од едне голем увозник на пилешко месо за две години да стане извозник на пилешко и месо од мисирки.

Од тие причини мислам дека во овој закон треба да најдат место и другите земјоделски култури, како што реков афионот, памукот, оризот и тн. затоа предлагам овој закон да оди во две фази како би можел да се доработи, а овие укажувања да бидат опфатени во фтората фаза и навистина еднаш да се донесе закон што ќе има практична функ-ција поттикнување и развој на нашето земјоделско производство.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа,

Уште на почетокот би сакал да кажам дека ќе гласам за донесување на овој закон и со оглед на тоа што и самиот предлагач се согласи законот да се донесе во две фази односно одредени забе-лешки што после тоа би ги имал, би следувале до колку денеска би се согласиле да одиме во втора фаза во подобрување на текстот.

Прво, доста дилеми предизвикува самиот наслов како фор-мирање на фонд бидејќи постои кај нас некоја аверзија од она време, од комунизмот или социјализмот, од фондовското финансирање на одре-дени дејности. И, сакајќи на еден административен начин од многу работи да се тргнеме, тогаш ги исфрливме од употреба тие зборови, фондови, но еве ете како има потреба во одредени дејности од фор-мирање на одредени фондови. Затоа, велам дека е за размислување пра-шањето дали ќе се вика фонд или некако поинаку.

При една расправа овде за состојбите со раноградинарските култури, јас искажав една моја идеја таква каква што е во развиените западно-европски земји кои полагаат доста на развојот на земјодел-ството, имаат формирано т.н. аграрен буџет. Тоа е по основ на самиот наслов.

Морам да кажам дека во целост се согласува со анализата што ја направи г-динот Тантаров со состојбите во земјоделието и во некои области можеби состојбите се уште полоши од она што тој го отслика. И, анвистина се загрижувачки.

Меѓутоа, после анализа на едни такви состојби сметам дека е потребно да го искажам и своето мислење. Треба до крај да ја разјас-ниме таа состојба и да кажеме зошто состојбите во земјоделието во РМ се такви какви што се, односно да се согледаат како причините, така и кои се носители за состојбите во земјоделите во РМ во така лоша состојба.

Имено, ако состојбата е таква лоша,тогаш е основно да се бараат причините во водењето на аграрната политика во РМ. Аграрната политика во РМ ја води Владата на РМ преку донесување на Макроеконом-ската политика на крајот на секоја календарска година за следната година како и политиката што ја спроведува преку предлагањето на буџетот за наредната година. Многу работи од кои зависи развојот на земјоделието токму се регулираат со доенсувањето на буџетот на РМ, а знаеме дека буџетот го предлага Владата на РМ.

Оттука, произлегува дека во РМ состојбите во земјоделието се резултата на водењето на аграрната политика од страна на надлеж-ното министерство и Владата на РМ.

Само како еден факт да потврдам, сите се согласуваме дека голем проблем е увозот на земјоделски производи во РМ, како што беше наведено неконтролираниот увоз на пченица во РМ. Ако е така, тогаш прашувам кој носи одлука за увоз на земјоделски производи во РМ? Сите ќе се согласите дека тоа е во надлежност на Владата на РМ надлежните министерства и надлежните органи во Македонија кои ја спроведуваат таа политика.

Оттука, за УВОЗОТ на неконтролираниот увоз на земјоделски производи во Македонија треба само на тој правец да го лоцираме ба-њето на одговор за надминување на таа состојба.

Втора работа, јас неколку пати при донесување на буџетот со неколку колеги имав предложено амандмани за премиите за одделни

земјоделски производи . Секогаш ни беше објаснувано, кога се сака нешто да не се усвои, да знаете дека меѓународните финансиски инс-титуции, пред се светската банка и ММФ ни велат никако премии и регреси за земјоделските производи.

Морам да кажам дека искажувам голема резерва, бидејќи неколку пати писмено сме се обраќале при донесување на буџетот да ни се доставaт тие белешки од меѓународните финансиски институции. До сега, како пратеници не сме имале можност да ги видиме. Така што со голема резерва го примам тоа дека меѓународните финансиски инсти-туции се тие кои ги укинуваат премиите. Напротив, сметам дека ако гледате само државите од кои доаѓаат тие претставници на меѓународни-те финансиски институции, имаат свои аграрни буџети како свои фор-мирани финансиски средства за развој на земјоделието.

Следна работа , овде беше кажано дека премиите се укинати. Точно дека се укинати, но и тоа треба да се каже дека овде имаше голем број пратеници, пред се пратениците на ЛДП кои во април 1996 година се спротивставија на Измените на законот за поттикнување на развојот со кои што се укинуваат премиите за одделни земјоделски производи. Тогаш бевме нападнати дека не сме во склад со новите дви-жења во пазарната економија.

Јас и во оваа прилика ќе кажам, сакајќи пред јавноста, пред граѓаните посебно, предлагачите од страна на Владата кои тоа го предлагаа и подоцна што сакаа да ја аргументираат таа аграрна политика, сакаа да ни кажат дека нашето земјоделие го воведуваат во пазарни води.

Можам да се согласам со една таква нивна замисла, но морам да кажам и следно, дека онакво какво што беше поставено нашето земјо-делие во изминатиот период каде имавме состојба на една распарчана земјишна површина, каде што навистина во многу нешта заостануваме зад развиената технологија во земјоделието, ниту бевме ниту сеуште сме во можност рамноправно да се вклучиме во светските походи на пазарната економија за земјоделието.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (Продолжение)

На крајот неоспорен е еден факт дека не лостои држава во светот, буквално не постои држава на светот, па камо ли развиените држави во светот каде директно не интервенираат во земјоделското производство. Сеуште е актуелен, секојдневно следиме што значи аграр-ниот протекционизам кој се води и во рамките на Европската економска заедница, кој се води и помеѓу останатите држави во светот во рамките на земјоделието. Ние можеме овде да кажуваме еве колку сме современи па ќе се вклучиме во пазарнате економија на земјоделското производство, а од друга страна нашето земјоделие ќе го доведиме во уште потешка состој ба.

На крајот сакам да кажам и тоа дека ме изненадува негативно-то мислење од Владата на Република Македонија, бидејки сметав дека по неколку години согледување на состојбите во аграрот сепак ќе направи една опсежна анализа и ќе поддржи, ако не друго, барем ќе даде насоки како да се подобрат одделни делови на овој закон, а не на ваков начин енергично одбивање за формирање на овој закон. Со тоа сметам дека и понатаму Владата на РМ продолжува со една нејасна,недефинирана, неар-гументирана политика во поглед на земјоделското производство во Ре-публика Македонија.

Би завршил со тоа уште еднаш да кажам дека ќе гласам за овој закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Џамбазовски.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, морам да кажам дека малку бев збунет од предлагачот на законот, сега веќе сум збунет дали се носи закон за Пелагонија,бидејќи тој зборуваше само за Пелагонискиот регион или се носи закон за РМ, па уште позбунет кога се јави господинот Каров, па дали се носи закон за ориз или се носи закон за РМ. Меѓутоа, да поминам на она што јас мислам по овој закон.

На Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство расправавме и се договоривме тој закон да оди во две фази од следните причини:

Сметавме дека Законот така како што е предложен не е доволно јасен, ниту доволно прецизен и сметавме дека таков каков што е не може да се применува. Затоа сметавме дека одењето во две фази на овој закон ќе може да се направи далеку поквалитетен закон од оној што е предло-жен. Како идеа сигурно е за поддржување, меѓутоа, таков каков е пред-ложен јас лично сметам дека не е добар за закон.

Не можам да се согласам дека само премиите имаат поттикнувачки карактер врз развојот на земјоделството. Мислам дека премиите и регре-сите имаат најмалку поттикнувачки развој затоа што премиите не даваат можност за поголемо производство по единица површина или поединечна мера. Од премиите, јас еднаш кажав од оваа говорница, ќе кажам уште еднаш, дека земјоделците од премиите добиваат најмалку затоа што преку премиите преработувачката индустрија секогаш даваше пониски цени, би-дејќи ги калкулираше и премиите во цената и затоа сметавме дека земјо-делците добиваат премии и со тоа добиваат повисоки цени. Пазарните услови во самата земја даваат далеку подобри резултати од премиите.

Мислам дека до сега во однос на аграрната политика направено е доста што не сметам дека е доволно.Сигурно дека Владата ќе треба и понатаму да презема одреднеи мерки за развој на аграрната политика, бидејќи тоа е долгорочен процес и не може да се оствари за една, две, пет години, туку перманентно се создаваат услови за подобар развој на одредена гран-ка, во случајот, бидејќи расправаме за аграрот. Државата не е таа која треба да ги одредува цените и не е таа која треба да диктира што треба оваа земја да произведува. Дражвата е таа која преку својата Влада требг да создава амбиент одреден развој на одреден-а гранка, во случајот на аграрот. Дали создава одреден амбиент за развојот? Јас морам да кажам неколку работи, сигурно дека сите не можам да ги набројам, меѓутоа ќе набројам неколку кои сметам дека со тие мерки се создава одреден амбиент за развој на аграрот.

Само да кажам дека со донесувањето на Законот за заштита на домашното земјоделско и прехранбено производство мислам дека еден од многу битните закони кој директно влијае врз развојот на зејоделството односно врз заштита на домашното земјоделско производство, бидејќи со тој закон се воведуваат прелевмани, а преку прелевманите се штити домаш-ното пороизводство односно се штити цената на домашното производство, бидејќи во голем дел од производите не можеме да бидеме конкурентни со светскиот пазар.

Друга мерка која сметам дека е добра за развој на земјоделието тоа е изградба на инфраструктурата во краиштата каде живеат земјодел-ските производители, т.е. патишта, телефони, вода кои приближно ги изедначуваат условите за живеење на тие луѓе кои можат полесно да кому-ницираат кои можат полесно да произведуваат. Ако ги земеме најновите мерки за кредитирање на индивидуалните земјоделски производители има полно такви мерки кои сметам дека директно влијаат врз подобар развој на земјоделското производство.

Некој спомна дека нема земја која не води сметка, која не го поддржува земјоделското производство сигурно нема таква земја, има различни приоди на поддршката на аграрот на пример ако ја земете Анмерика таа има поддршка единствено преку откупот на домашното произ-водство, односно ако не може да се пласира по одредени цени таа го врши откупот на производството. Во Европа постојат други мерки када таа се штити од увозот на земјоделски производи бидејќи во Европската унија има далеку повисоки цени од светските цени. Европската унија се штити од светските цени преку воведување на повисоки царини, прелевмани и тн,се со цел да го заштити своето производство. Меѓутоа, примената на премиите и регресите секаде во светот се напуштаат, бидејќи не е во согласност ниту со Законот за ГАТ односно Светската организација за трговија, ниту во согласност со Европската унија не е само под притисок како што- некој кажа под притисок на Светска банка, туку тоа е политика која се води во целиот свет во ЕУ и светот, а ние претрендираме за ЕУ и затоа се обидуваме да се вклопиме во тие мерки.

Сметам дека во Законот се наведуваат стратешките производи кои ги предлага господиниот предлагач, ги набројува кои се тие произ-води. Сметам дека тоа не е добро, за мене е многу релативно што е тоа стратешко производство, кои се тие култури кои спаѓаат под стратешки производи, стратешки производи тоа е малку поголема работа и треба да се докаже со одредено проучување за секој од својата земја што значи тоа стратешко тоа не е некаде унификат дека во сите земји е стратешка само пченицата или само сончогледот или некој друг производ туку зем-јата си

одредува кои се тие стратешки производи за кои мора да води посебна сметка. Можеби ние треба да создаваме фондови за развој на аграрот, за мене создавање на одредени фондови е добро да се создава за одредени ризици. И покрај тоа што имаме ризици како што е елементарн непогода, меѓутоа, тие критериуми се многу строги ризици и тешко преку таа елементарна непогода да се добијат одредени стимулации кај земјоделците во такви случаеви како што се суша, град, можеби тука треба да се создаваат фондови за одредени ризици бидејќи имаме такво поднебје и покрај тоа што многу се удираме во гради дека имаме многу компаративни предности за развој на земјоделството, незнам колку се добри тие компаративни предности ако зборуваме за температура за краток временски период од минус 30 до плус 50°C, неможеме да зборуваме како и со падавини од 400 мл. во годината неможеме да зборуваме за незнам какви компаративни мерки, меѓутоа, имаме одредени под-рачја каде реално неможеме да оствaруваме такви просечни приноси кои ќе ги покријат сите издатоци во одредени региони, поради одредени причини зборувам при исти вложувања при иста технологија се со цел поради неповолните климатски услови и неповолните почвени услови. Може-би тука треба да се прави перспективно, поддршка на таквите региони за да не ни останат површините непосеани. Имаме региони каде при овие цени не можат да си ги покријат своите трошоци и ќе дојдеме во ситуација да се напуштат тие површини. При овие пазарни услови сигурно не случајно се намалуваат сеидбените површини и сеуште ќе се намалуваат бидејќи ќе се гледа крајниот резултат, крајниот ефект, крајниот профит од целата работа и затоа ќе имаме опаѓање на сеидбените површини. Тука можеби требс да се размислува што треба да се прави за да овие површини бидат ставени во функција за прозводство на храна.

На крај да завршам дека го поддржувам Законот како иницијатива, меѓутоа сметам дека во многу работи законот треба да се измени од тоа што е предложен.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, еве и јас да дадам свој придонес кон овој предлог на закон за формирање на Фонд за развој на одредени земјоделски производи со една своја забелешка. Ќе ве потсетам дека во мај десетина пратеници побаравме министерот да изготви еден осврт или информација за вкупните состојби во аграрот за да потоа тука отвориме расправа по однос на вкупните состојби. Беше прифатено и во заклучоците на една од седниците на која расправавме за состојбите во аграрот дека е потребно такво нешто. За жал, го добивме овој осврт и денеска дискутираме по еден предлог закон, што е во ред, и добро е што оди во две фази, а очигледно сите дискутанти практично дискутираат за вкупните состојби во аграрот. Сакале или не тоа е еден комплекс една целина. Ние ја испуштивме шансата морам да признам, како предлагачи на изработка на еден таков осврт за да можеме во склопот на денешната расправа целсоно да разговараме, комплексно без да ризикуваме да ја промашиме точката на дневен ред - предложениот закон. Нека ми извини колегата Вељо законот е во ред, меѓутоа ние како состав немаме шанса да продискутираме за овој осверт каде, ве следев сите внимателно, секој дискутант даде свој придонес во она што е актуелна состојба, што се визии, што се искуства и што е најважно што треба да бидат можни реше нија и иднина на аграрот како една од најважните стопански гранки во нашата држава.

Овој осврт што го добивме зафаќа и информации за состојбите во сите области, дава просечно производство, дава прекрасна анализа на просечни откупни цени во трите последни години 1995, 1996, 1997 година од кое може многу да се види многу повеќе дури и од нашите пред-лози тука. Може да се види како тие откупни цени варираат некои се зголе муваат значи има интерес, некои се намалуваат и мислам дека овој закон ќе го поддржиме денеска, сигурно ќе имаат среќа пратениците во идниот Парламент евентуално во втора фаза го усвојат овој закон, но практично остана неискористена шанса од нас како предлагачи да се изработи еден ваков осврт затоа што во денешната расправа веднаш сакале или не добро е што без да замеруваме се изнесуваат специфичности од регионите од кои доаѓаме. Ако за една Јапонија, Кина, основен прехранбен артикал е оризот, за Македонија оризот не е стратегиски артикал но е важен арти кал затоа што е потребен и што е извозен. Тука има многу елементи кои се надоградуваат. Само ќе ви прочитам две

позиции што треба да бидат обврска и на Владата и мислам дека не е во ред што денеска господине предлагач Тантаров прифативме расправа без претставник од ресорното министерство. Прво, приодот е несериозен од нас што прифаќаме да диску-тираме заради нас. Ние ги знаеме состојбите, но потребно е да ги слушне некој друг и добро е да ни возврати со аргументи, со ставови и со политика.

Да ве потсетам ќе ве молам, да ги чуете само овие неколку податоци. Конзумна јаболка во 1995 година, значи првокласна јаболка има цена од 13,50 денари за да таа цена во 1996 година падне на 10,50 денари и минатата година да биде само 9 денари по килограм. Сега обрат-но. Исто во областа на овоштарството, вишната во 1995 година откупна цена 14 денари, 1996 година 20,50 денари, во 1997 година 28,50 денари и денешна цена 1 ДМ и 10 фенинга. Внимавајте добро еден перманентен скок со обезбеден пласман во неограничени количини. Што е тоа сега? Тоа е патоказот дека треба да се сугерира, треба да се посочува треба да се охрабрува формирање нови насади под вишна затоа што евидентно постигнати се сите параметри што се потребни откуп во неограничени количества и релативно пристојна па дури висока цена марка и нешто. Сега, тука е онаа политика што Владата и државата треба да ја водат поволни кредити за вишнови насади, соодветен саден материјал до се она што значи откуп за сметка на она што тука објективно плачеме сите не може дами и господа да има рентабилно производство на житни култури пченица и јачмен со приноси од 2000 до 2500 килограми по хектар не може, никакви стимулации, никакви премии не можат да обезбедат рентабилно производство. Тоа се површини и педолошки и метеоролошки каде точно вишната може да даде прекрасни и многу добри приноси. Мислам дека на еден ваков начин треба да се размислува, а во првите два реда немаме претставници на Владата, но мислам дека стратегијата во аграрот не ја решава премијата за една година и евентуален фонд чиј дотур на средства ќе биде несигурен иако се предвидуваат многу алтернтиви од кои може да се обезбеди тој фонд, меѓутоа, прашањето е дали со само 10% премија на пченица со приноси од 2000 до 2500 килограми по хектар може да се биде задоволен и како производител и ние како држава да имаме крупен производител на храна која и е потребна на оваа држава. Мислам дека во прва наредна прилика мораме да се позатавиме со овој осврт многу солидно изработен од Министерството, да го пофалиме, а не смееме се да критикуваме, ни излезе во пресрет, изработи еден материјал што мислам дека на сите ќе ни користи во нашите идни активности практично ние како претставници на народот вклучувајќи ги и земјоделците да им посочуваме бидејќи имаме повеќе контакти, имаме можност за повеќе информации, имаме можности да посочуваме што треба во оваа држава да се кредитира долгорочно, што треба да се кредитира еднократно. Мислам дека во таа насока треба да ја гледаме перспективата на аграрот за да нашите земјоделци не бидат најсиромашните, туку земјоделието да биде она што неколкумина од колегите објективно го изнесоа еден дви-гател на она што значи заживување на се она што е производство во една држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**(продолжение)

Високопродуктивно фармерско производство, квалиттно производ-ство, за кое што се обезбедува сигурен откуп е гаранција дека преку тоа ќе се продава и гориво, ке се продава и земјоделска механизација дека ќе се применуваат и посовремени агротехнички мерки, ке се про-даваат и купуваат и автомобили, и апарати за домаќинството и се она што значи едно динамизирано производство во кое што напротив можеби најсигурна и најквалитетна основа е едно рентабилно и високо-продуктивно производство.

Во секој случај поддршка на напорите и на ѕаконот и во оваа прв фаза сум надежен овој закон да ја доживее и својата втора фаза.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници по предлогот што го поднесов за донесу-вање на закон за формирање на фонд на стратешки култури имаше повеќе дискусии, повеќе предлози, имаше поддршки за неговото донесување , а имаше и спротивни мислења.

Предлогот на г-динот Каров во овој фонд да бидат опфатени повеќе земјодеиски култури како предлагач го прифаќам и навистина оризот треба да влезе во рамките на овој фонд како една наша наци-онална структура.

Исто така, треба да се размисли преку фондот да се обезбедат средства и за развој на оние култури кои што одамна се напуштени низ нашиве полиња.

Годинот Слободан Најдовски се прашува дали треба да се вика фонд или нешто друго. Јас мислам дека најдобро е да се вика фонд за развој на овие култури, затоа што вакви фондови постојат низ цела Европатаму каде што има развиено земјоделско производство. Мегутоа мене ме зачудува дискусиЈата на г—динот Сане Џамбазовски, инаку претседател на Комисијата за земјоделтво, шумарство и водо-стопанство, кој што вели дека е многу збунет од донесувањето на овој закон и се прашува дали е тоа закон за Пелагонија,или закон за цела држава.

Г-до, во Пелагонија се произведува се она што се произведу-. ва и во другите земјоделски реони од нашава држава. Пченица се произведува насекаде, не само Пелагонија. Туку се произведува насе-каде, сончоглед се произведува насекаде. Маслодајна репка се про-извеуваше сасмо во Пелагонија и нешто во Велешко, така да мислам дека г-динот Џамбазовски не е во право кога поставува едно вакво прашање.

Фондот треба да обезбеди средства за поттикнување на развојот на овие култури, кои што наместо да одат нагоре со своето произ-водство тие од година во година опаѓаат. Јас не слушнав од г-динот Џамбазовски кои се неговите забелешки околу предложениот закон, а само едноставно вели дека овој закон не чини. Г-дине Џамбазовски кажете ги вашите забелешки на говорница, а не само да кажете дека не чини. Јас колку што можев понудив еден закон, дајте сега вие како пратеници да расправаме овој член треба да се менува, треба да се додаде нешто и ред други работи.

Инаку, што се однесува до тоа кои се стратешки култури за нашата држава јас мислам дека во оваа држава одамна се изградени ставови во аграрот кои земјоделски култури имаат стратешко значење за оваа држава. Господо, не може да се замисли, како што реков во моето образложение по овој закон, една држава каде што нема пче-ница. Може ли пченицата да не биде ставена во таа листа на тие стра тешки култури. Може ли без леб? Не може. Со оглед на тоа што денес колку пратеници се присутни во оваа сала лесно може да се констатира колку тие се заинтересирани да се расправа за една ваква материја од-носно да се расправа за аграрот кој што од памтивек бил столб на нашава држава.

Јас како што реков, ке ги поддржам сите овие дискусии, мегутоа би сакал тие да бидат малку и покоректни.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Само да одговорам на прашањето, не водам реплика.

Не прозва предлагачот Тантаров и кажа дека законот не е само за Битола, туку е за цела Република Македонија.

Јас го читав законот добро и во Законот пишува дека е з а Маке-донија, меѓутоа, целото негово воведно излагање беше за Пелагонија. Па, сега незнам, се прашувам што значи тоа? Дали донесуваме закон само за Пелагонија и само за оние производи кои се произведуваат во Пелагонија, или се произведуваат на цела Република. Да кажам само две три реченици што е тоа што не чини во законот, бидјеќи пред малку не сакав до крај да кажам.

Зарем е можно да гласам за закон кој што никаде не кажува за која сума на пари се работи? Зарем можам да гласам за закон кој ги изедначува сите региони во Репубика Македонија? Да ја земам Пелагониј каде што се добива просечен принос на пченица 4 тони, со исти вложу-вања во Овче Поле се добива два тони по хектар, зарем можам да се сог ласам дека треба да имаме иста цена за тој производ, кога тој е стратешки. Зошто да не предложиме и да кажеме поради објективни при-чини за да не ги напуштинме површините таму да останат непосеани, неизорани, дајте да поддржиме, затоа што такви и такви климатски и почвени услови итн. Зарем можам за таква работа да се согласам. Да не набројувам и други работи тука. Зарем можам да се согласам да се вратиме назад на премии, кога има далеку подобри мерки со подобра помош во аграрот. Јас кажав неколку работи(кредитирање, инфраструктура, формирање на стручна агенција итн., донесување на закон за заштита на домашното земјоделско производтво), зарем тоа не е подобро од она да се вратиме назад на премии. Па г-да, премиите секаде се укинуваат. Ние ако сакаме да бидеме членки на светската трговска организација и во Европската Унија не можеме да бидеме со вакви премии како што ги имавме. Ние ги имавме, нив

не ги напуштивме затоа што сакавме да ги напуштинме, туку затоа што објективно пазарот тоа го бараше. Н ие немаше да се затвориме како Република Македо-нија, ние можеме да го правиме тоа само во границите на Република Македоија, меѓутоа, ние сме мала земја и не можеме да опстанеме ако се затвориме во границите на Република Македонија. Ние мора да водиме некоја отворена политика затоа што ние имаме голем дел на производи кои што ги произведуваме. Ние мора да водиме сметка за се она што извезуваме, затоа што ако ние ги затвориме границите со увоз на одредени прозводи и тие ке ги затворат нивните граници за нашите производи. Па незнам тогаш каде би се нашле и како би се нашле итн. Тоа се само мал дел од причините зошто сметам дека зако-нот треба да се преработи. Како иницијатива е добар, меѓутоа, вака како е предложен не е добар.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по предлогот за донесување на закон.

Бидејќи предлогот на законот пратеникот Вељо Тантаров го повлече, предлогот на законот предлагам на Собранието да го усвои следниот заклучок.

Прво, Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за формирање фонд за поттикнување на развојот на стратешките земјоделски култури и производи.

Второ, пратеникот Вељо Тантаров да изготви и на Собранието да му достави предлог на закон при што ке ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собрнаието на Републик а Македониј а.

Трето, овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Репуб лика Македонија да се достави до пратеникот Вељо Тантаров, Владата на Република Македонија и министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

36 пратеници гласаа за.

Немаме кворум за гласање.

Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата. Бидејќи немаме доволен број пратеници за глаање предлагам пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 14,00 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Бидејќи заклучокот ви е предложен, предложениот заклучок го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63 пратеници гласа за). Дали некој има против? (1 пратеник).

Молам, дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предложениот заклучок е усвоен.

Минуваме на точката 9 - Предлог на програма за одбележува-ње на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 19 98 го-дина.

Предлогот на програмата и извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата, ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор? Господин Рубинчо Белчески.

**РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, на Деведесеттата седница на Собранието на Република Маке-донија беше усвоена Одлуката за одбележување на годишнини на зна-чани настани и стакнати личности во Република Македонија. Со Одлу-ката беа определени критериумите, врменските интервали и начинот на одбележувањето, а кои се од исклучително значење за развитокот на државата, однонсо државноста на Република Македонија и за нејзиниот државно-правен континуитет.

Врз основа на член 4 и 5 од Одлуката, Собранието на Репуб-лика Македонија треба да донесе програма за одбележување на годишнини на значајни настани и истакнати личности во 19 98 година, а со истата да се определат и носителите на одбележувањата. Членовите на Коми-сијата за одбележување на значајни настани и личности пристапи кон подготовка на оваа програма, што е тема

на оваа седница. Притоа, Ко-мисијата соработуваше со повеќе научни, културни и образовни институции и во оваа пригода им изразувам благодарност на сите нив. Мо-рам да нагласам дека предлози имаше повеќе, отколку што сега се во Предлог-програмата. Но, ние како предлагачи се одлучивме да ви пред-ложиме седум одбележувања кои ценевме дека се настани и личности кои се од исклучително значење за историјата на Република Македонија, ка ко и настани со општо цивилизациски вредности. Бидејќи во Предлог-програмата има и образложение за одбележувањата, сега не би давал пова?орно образложение, освен што таксативно би ги наброил истите, а тоа се:

1.50 години од егзодусот на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија;

2.50 години светски ден на здравјето;

3.50 години од основањето на Институтот за национална историја;

4.50 години од донесувањето на Универзалната декларација за човекови права;

5.90 години од Манифестот на Церската група на Јане Сандански;

6.10 0 години од првата прослава на Први Мај во Македонија

7.125 години од Македонските железници.

Како предлагачи на оваа програма сметаме дека предлагаме програма со настани кои ги исполнуваат критериумите согласно Одлу-ката за одбележување на јубилејни годишнини, на значајни настани и истакнати личности донесена од ова Собрание и се надевам програмата ќе биде прифатена од вас почитувани колеги пратеници. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Пред нас се наоѓа една група предлагачи, Предлог-програма за одбележување годишнини на значајни настани и личности во 1998 го-дина. Општо речено да не биде секогаш негирање, тоа е добро, па не-мам ништо против дека се предлага ваква програма. Додека во членот 1 предлагачите се определуваат за една генерална концептуална линија зошто го поднесуваат овој предлог, дека овие значајни настани и лич-ности се од посебно значење за државно-правниот развој на Република Македонија, афирмацијата на нејзиното историско и културно наследство и негувањето на општо цивилизациските вредности, за што исто така немам ништо против, во членот 2 ги набројуваат таксативно седум важ-ни јубилеи, како што тоа го потенцираше претходниот дискутант во името на предлагачите и< Комисијата за седум настани од историски ка-рактер. Исто така, и ова е точно. Меѓутоа, тука имам неколку забе-лешки и сугестии.

Прво, што се однесува до Предлогот за одбележување на 50 годишнината од егзодусот на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија, како што стои во Предлогот како прва точка тоа и тоа ка-ко треба да се одбележува и тоа на најсвечен начин. Но, предлагачите лошо ја составија оваа реченица. Негов однос како што јас размислу-вам, бидејќи јас размислувам како што размислува и апсолутното мно-зинство на македонскиот по ова прашање, туку ваквата формулација се коси со досегашните познати ставови на предлагачите со програмските определби на нивните партии и нивната влада на владеачката партија на СДСМ, а тоа се коси, на сите да ни е јасно и со амандманот 1 и 2 на Уставот на Република Македонија, за кој изгледа дека предлагачите или не се доволно консултирани или погрешно ги интерпретираат самите тие амандмани или несвесно го прават тоа. А, во нив се вели:

Прво, Република Македонија нема територијални претензии кон соседните држави. Тоа така стои.

Второ, границата на Република Македонија може да се менува само во согласност со Уставот, а врз принцип на доброволност и во сог ласност со општоприфатените меѓународни норми. Прво, Републиката, при тоа, нема да се меша во суверените права на други држави и во нивни-те внатрешни работи. Потенцирам дека ако мисли вака апсолутното мно-зинство по сомнение !дека можеби е вака, па затоа не поднесов аманд-ман, бидејќи кога би поднесол амандман во оваа смисла, би интервени-рал со зборовите "Егејскиот дел на Македонија", како што стои во Предлог-програмата "да се заменат тие зборови) со зборовите Егејска Македонија", што секако не е исто. Тогаш, предлагачите се во право и дури би ги поддржувал, меѓитоа тоа е антиуставно, како што стои во програмата, а дека е така за овие скоро четири години се произне-соа и претседавачите на овој висок законодавен дом. Меѓутоа, ако вака мисли и апсолутното мнозинство на македонскиот народ или пак потсвес-но и предлагачите, тогаш ни се отвора друг проблем, што е многу се-риозно, за што може да

се води научно-правна и историско политичка расправа и во Парламентот, па и во други форми, за кои предлагачите и нивните истомисленици:скоро никогаш нема да бидат во состојба ниту да размислуваат за тоа. А, јас токму со целиот народ можам така и да размислувам и да разговарам и да донесам конечен заклучок. Ако е тоа рационално јас сум меѓу оние кои се спремни и за таков тежок разговор во тој поглед.

Второ, повторно во редовите на предлагачите нема ниту еден потпис на пратениците албанци, дури ниту од позицијата односно влади¬ната коалиција што повторно е дискутабилна и сомнителна работа.

Трето, во врска со претходното произлегува само по себе дека овие седум предложени одбележувања на јубилеи за оваа година меѓу нив нема предложено ниту еден од многубројните настани и истак-нати личности, не само на албанците воопшто кои се одбележуваат ре-довно заеднички, туку и на оние албанци на Република Македонија или кои се поврзани во прв ред со настани во Република Македонија. Вак-вото нешто се манифестира не само во Писмото, во писменото дадено мислење на Владата на Република Македонија, на владеачката партија на СДС од 24.06.1998 година, под број 07-2202/6, која не стави ни-каква забелешка дури во овој поглед, иако заедничка е коалицијата, не само што постои неопходна потреба за одбележување и на заеднички-те и на посебните празници на албанците, туку како тие да не постојат воопшто. Па, дури Комисијата за одбележување годишнини, значајни нас-тани и личности во својот извештај под број 302506/2 од 22 јули 1998 година на Собранието на Република Македонија вели: "Во расправата по амандманот 1 и 2 поднесен од пратеникот Назми Маличи, со кој се пред-лага дополнување на програмата за одбележувањето на 90 годишнината од одржувањето на Битолскиот конгрес на кој е наводно расправано, вели во дискусијата за унификација на албанската азбука", значи, Комисија-та фалсификува толку познати историски факти наводно деќа, вели Коми-сијата"го имаше предвид мислењето на Институтот за историја дека програмата не треба да го содржи ова одбележување, затоа што наводно на Битолскиот конгрес само се иницира прашањето за унификација на ал-банската азбука. А, резолуцијата за отворање на учителска школа во Елбасан и воведување на албанскиот јазик во наставата во училиштата била донесена на Албанскиот конгрес во 1909 година кој се слави во Република Македонија како матица - држава на албанците".

Овие, драга господо, инсинуации не стојат никако. Тоа што го вели Комисијата, за жал, нема никаква, ама баш никаква врска со историската вистина, со дебелите книги и енциклопедии од целиот свет на многубројни јазици. Тоа може да биде само инпровизација за дневни политички цели на Комисијата и владеачката партија. Имено, на Битолскиот конгрес кој се вика во оригинал Битолскиот конгрес за основање, не иницирање на албанското писмо, нормално се водеше расправа, но на крајот не се иницираше туку се донесе одлука за унификација на албанската азбука. Како што инсистира комисијата, туку се донесе одлука и заоосновно право, заедничко писмо на албанците. Точно е тоа што го наведува во своето образложение господинот Маличи дека Владо Малевски во својство на претседател на Одборот за одбележување на 6 0 годишнината на Битолскиот конгрес ја отвори спомен плочата, јас би додал напишана на албански и на македонски јазик во зградата каде што е одржан конгресот од 14 до 22 ноември 1908 година. Во својот уводен збор за овој настан додаде и тн., да не го цитирам господинот Назми Маличи во целина. Да продолжам, да не го цитира во целина, туку само да до-дадам дека од тогаш"памтам, значи, пред 30 години една реченица на господинот Владо Малевски, дословно една реченица која бара еден адекватен одговор, не би се согласил потполно, иако беше претседател на Советот, затоа и поопширно во некоја друга прилика од научно-исто-риски карактер. Манипулациите на Комисијата со Елбасанскиот конгрес од 1909 година, значи една година после одржувањето на Битолскиот конгрес, отворањето на учителска школа, тек каде се слави, каде тре-ба да се слави, која е и чија е матица држава и тн., нема никаква дирекна врска со Битолскиот конгрес на основањето на првото албанско писмо од 14 до 22 ноември 1908 годинам, ниту со интервенцијата на господинот Маличи и моите ставови кои ни се идентични во потполност.

Во досегашното мое излагање и да не должам поопширно пов-торно приклучувам научно-правно и историски- лингвистичко културен приод на стенографските белешки. Додека амандманот на господинот Ма-личи го поддржувам и за него ќе гласам афирмативно, бидејќи ист или многу сличен амандман би поднесол и јас. Но, се откажав, бидејќи нема потреба да се повторуваме. Благодарам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.

Пратеникот Назми Маличи поднесе амандмани на член 2 став 1 за додавање нова точка 8 по точката 7 и на член 3 став 1 за дода-вање нова точка 8 по точката 7, по кој предлагачите не се произнеле.

Пратеникот Назми Маличи поднесе амандман на член 3 став 1 за додавање нова точка 8 по точката 7 по кој предлагачите не се прознеле.

Истовремено пратеникот Назми Маличи го повлече амандманот поднесен на 22 јуни 1998 година по истиот член.

Комиеијата за одбележување годишнини на значајни настани и личности поднесе амандман на член 3 точка 4,со кој се согласил претставникот на предлагачите и тој е составен дел на текстот на Предлогот на програмата.

Пратеникот Рубинчо Белчески поднесе амандман за додавање нов член 3-а по кој предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1 за додавање нова точка 8 по точката 7, поднесен од Пратеникот Назми Маличи,

Молам еден од предлагачите да се произнесе. Господин Белчески.

**РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Господин Маличи има збор.

**НАЗМИ МАЛИЧИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, предложениот амандман на Предлог-програмата за одбележување на годишнини на зна-чајни настани и личности за оваа година е врз основа на одлуката за одбележзување на годишнини на значајни настани и личности што го донесе ова Собрание пред извесно време. Во членот 2 став 1 со след-ните алинеи.

Алинеја 4, во програмата што се предвидува за одбележуање да се предвидува да се обезбеди јакнење на толеранциј, меѓусебно раз-бирање, дијалог, взаемно почитување, доверба неѓупграѓаните од раз-лично етничко потекло.

Алинеја 5, да придонесат кон унапредување, начинот и фор-мите на граѓанската рамноправност и сожителство на македонскиот народ и припадниците на националностите во Република Македолнија.

Алинеја 6, во таа одлука да се обезбедат афирмација, при-мена и почитување на начелата на хуманизмот и на општи цивилизациски вредности. Врз основа на историски податоци на 14 ноември 1908 годи-на во Битола се одржа Конгресот за унификација на албанска азбука и за отворање на основни и средни училишта на албански наставен јазик. Овој настан има голема важност за албанската култура и образование, што е плод на заедничката борба за ослободување на поробените балнакси народи. Битолскиот конгрес е значаен настан од албанската понова ис¬торија, затоа што создавањето на единствена азбука е во функција за натамошно обработување на јазикот, писмото и литературата и за ната-мошната консолидација на интелектуалните сили во тоа време.

Иницијативата и организационите работи за свикување на Конгресот во Битола ги зеде албанскиот клуб "Башкими" од Битола. За потсетување, македонскиот писател Владо Малевски во својство на претседател на Одборот за одбележување на 60 годишнината на Битолскиот конгрес ја откри спомен плочата во зградата каде што е одржан Конгресот на 1.4 ноември 1968 година и во својство на претседавач во својот уводен збор за овој настан додаде: "Така и денес собрани да го одбележуваме јубилејот на современата албанска азбука, ние изра-зуваме почит кон сите тие кои согореа исламите во чудесниот човечки идеал за миротворна и културна соработка меѓу народите". Овој настан> треб ада се одбележува, бидејќи е значаен историски културен настан за албанците во Република Македонија, што е и општо цивилизациско' добро загсите граѓани на Република Македонија. Предложениот амандман се вклопува со Одлуката за одбележување на годишнини на значајни нас-тани и истакнати личности во Република Македонија со определените кри териуми и ќе придонесе како пример за унапредувањето на граѓанска рав нoправност и сожителство на

македонците,  албанците и другите припад-ници на националностите од  заедничко историско минато, .што е од посеб но значење за Република Македонија.

Затоа,  барам поддршка од пратениците да го прифатат овој амандман.  Благодарам.

**ТИТО  ПЕТКОВСКИ:**

Молам,  дали уште некој   бара збор?

За збор се јави господин Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе,  почитувани колеги,  јас мислам дека предлагачот кога рече дека не се прифаќа овој амандман на колегата, односно господинот Маличи малку избрза,  без разлика што претпоставувам дека е    договорено однапред да не се прифати.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ** (продолжение):

Ние како пратеничка група уште од време кога се расправаше и во матичната комисија за одбележување, нашето мислење, т.е. нашиот став го поднесовме со самото присуство и самиот став на г-динот Маличи.

Мислам дека тука како колеги грешите, односно колегите кои се предлагачи, со самиот факт што како пратеничка група по амандманот и г-динот Маличи инсистира, сугерира, да се прифати како таков ние уште еднаш докажуваме дека сакаме покровител на една ваква манифестација т.е. годишнина да биде Парламентот т.е. претседателот на Собранието на Република Македонија.

Зошто инсистираме? Затоа што, јас до крај ќе образложам и ќе ја кажам вистината дека се обидував, иако не успеав, можеби требаше да се ангажирам малку повеќе, и професорите од Катедрата за албански јазик дури беа заинтересирани да обават еден разговор со Претседателот на Собранието и да му предложат на Претседателот на Собранието тој да биде покровител на оваа манифестација. Зошто? Затоа што сакавме овој празник т.е. овој ден да се одбележува под покровителство на Собранието на Република Македонија, што значи еден добар импулс, еден добар знак дека културата односно тоа што е одбележување на ден многу значаен за азбуката на албански јазик да се прослави т.е. да се одбележува во рамките на покровителството на Претседателот на Собранието. Затоа што постои и друг начин на одбележување, тоа и се практикува последниве години. Со ова дека нема да се прифати односно не се прифаќа овој амандман немојте да мислите дека тоа значи да нема да се одбележува денот на азбуката во Република Македонија од страна на Албанците. Ќе се одбележува меѓутоа мислевме и мислиме и понатаму дека многу е подобро, не сакам да образложувам понатаму, многу е подобро да се обележува овој ден под покровителство на Собранието т.е. претседателот на Собранието. Затоа јас мислев, дури дадовме и време сами да размислувате, сами да ги анализирате овие работи дали со ова се навлегува и во тоа што е интергација, тоа што е мултикултура, во тоа што е почитување на културата, на азбуката, на јазикот на другиот односно на сограѓанинот, содржавјанинот итн. Колку сериозно сте ја сватиле работата, колку вие сериозно сте размислувале за ова мислам дека е ваша работа и верувајте ми дека сум убеден до крај дека ќе погрешите ако не се прифати овој амандман. Грешката ќе биде голема ако не се прифати, затоа што и така отворената можност вие со неприфаќање ја легитимирате и ние, се разбира ќе ги искористиме сите институции и можности да се одбележува и ќе се одбележува. Ќе се одбележува овој ден, нема да остане неодбележан затоа што сепак е празник, ден на азбуката. Тука веќе ако и има нешто, да не претерувам, да не фешизирам, посвето од тоа што е азбука јас мислам дека тука треба да имате разбирање, затоа што намерата е многу позитивна. Намерата е многу и допротворна и многу е добро и многу е искрена. Секој друг начин на размислување, секој друг начин на одбивање на вакво нешто, мислам дека отвора ммозжности за ние понатаму да расправаме во разни средини, на разни начини, на разни кружоци итн. дека како да е навикнат, или како да преминува во некоја навика во овој Парламент дека се се одбива, се се одбива и одбива. Мислам дека ова е многу сериозно, многу добро и многу разработено во парламентарната група и јас, тука е Претседателот, јас сум реагирал сум кажал на Претседателот на Собранието, јас мислев дека со моето кажување веќе ќе знажи дека тоа укажување ќе се пренесе и во матичната комисија т.е. до предлагачите и мислам дека треба да проработи и свеста и совеста во овој случај и да се прифати амандманот. Мислам дека е подобро, затоа што со одбивање на овој амандман немојте да заклучувате во себе дека одбивме

амандман и готово е, нема да се прослави, нема да се одбележува денот на Албанците. Не, ќе се одбележува и ќе се одбележи, меѓутоа на начин кој мислиме ние дека не е подобар од овој што го предлагаме ние. Очекувам поддршка и мислам дека ќе се прифати амандманот, верувајте ми дека е многу, многу позитивно.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Јас ќе се задржам само кратко по точката на дневниот ред -Предлог програма за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 1998 година.

Да не беше настан и значаен датум по повод шеесет годишнина на Конгресот за унификација на азбуката на Албанците не ќе се организираше и токму од редовите на Македонците, почитуваниот наш поет и книжевник Владо Малески, да ја открие спомен плочата во Битола. И една друга компарација.

Дали поранешниот систем бил потолерантен, или поинертен за овие настани и јубилеи, кога по 30 години ние, Демократска Република Македонија правиме отстапка и предлагачот и по дадениот амандман да не се стави во значајните датуми и јубилеи кои треба во 1998 година да се прославуваат.

Јас не сакам да се задржувам повеќе. Ако е тоа датум кој за албанците, тоа што го потенцира и претходниот дискутант многу значаен особено во времето кога е донесен, кога и градот е одбележан, кога и самите Македонци во тоа исто време имаат доста помогнато за да се одржи тој конгрес. Оваа година имаме деведесет годишнина на тој настан и ќе се организира, се прават напори на научна конференција околу тој датум. Што би пречело и тој датум да биде во Законот прифатен кога и така, паралелно што се вели живееме.

Јас би ги замолил сите пратеници да имаат разбирање за вака големи настани и значајни датуми. Тоа е во интерес можеби и на пошироката наша заедница.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Во однос на амандманот кој е предмет на расправа пред ова Собрание во моментот мислам дека доволно образложение даде господинот Маличи. Сметам дека образложението беше повеќе отколку што треба да гласи одлуката при гласањето на ова Собрание по однос на гласањето за овој амандман. Една народна поговорка вели лред фактите и боговите молчат" Знам дека нема да биде така овој пат. Јасно ми е, поучен од овој осумгодишен мандатен период, бидејќи секогаш кога предлагавме ние така се случуваше. Нека, нека биде така ако така мислите, но кога станува збор за историјата на амандманот мислам дека должни сме на оваа говорница да истакнеме дека амандманот претходно во консултација со Маличи е прифатен од страна на Комисијата, меѓутоа покасно, по водење на одредени консултации, одбиено е да се прифати. Кои се причините, нека мислат за причините оние што тоа го направиле.

Мене не ми останува друго да кажам, освен тоа што си го поставувам прашањето каде сме ние Албанците во оваа програма. Си го поставувам прашањето каде се Албанците од причина што јас сум Албанец. Истото право го имаат сите оние што се наброени во преамбулата на Уставот, бидејќи Македонија ја сметам како држава, како заедница од повеќе народи.

Доколку од страна на другите пратеници од другите националНости, беа предлоожени амандмани слични на нашиот јас со задоволство ќе ги прифатам и ќе ги подржам, меѓутоа не е мое право јас да предлагам амандмани во нивно име. Доколку така се случи јас повторно изјавувам дека ќе ги подржам.

Една работа е многу чудна во однос на неприфаќањето на овој амандман. Тоа е, и оттука произлегува прашањето, што се случува со нас тука на овие простори. Формално во Уставот постоиме, практично како да не постоиме. Треба ли таквото прашање да си го поставуваме? Во никој случај не. Ние постоиме, ние имаме наши институции, ние развиваме своја култура и сега да ни се оневозможи една ваква прослава, која се одвивала на нашите простори, се одвивала на простор каде што делувале и дел од Албанците кои што ја негувале својата култура, својата историја, па поради тоа мислам дека е место и вредно овој настан да се стави во Програмата.

Се поставува уште едно прашање. Дали сме ние истите во 1968 година и во 1998 година? Многу рабори во овие 30 години отидоа напред. Меѓутоа, со одбивањето на прифаќањето на амандманот ние како да сакаме тркалото на нашиот живот да оди наназад. Дали тоа ни оди во корист? Во никој случај не. Со одење наназад никако не можеме да одиме напред. Ако сакаме нешто да постигнеме со тоа на штета на правата на другите да си изградиме наше право, поголемо право мислам дека сме во

голема заблуда, бидејќи обесправувањето на другиот во своја корист во никој случај не оди напред на човештвото.

Затоа Ви предлагам доколку сметате за целисходно да го подржите амандманот, затоа што со тоа ќе направиме голем чекор напред во празнувањето на она што значи одење назад.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

На моето излагање би додал уште нешто. Чудно е и апсурдно, како веќе да се знае каков ќе биде епилогот на гласањето по овој амандман на овој состав на Парламентот. Нормално дека јас би сакал да се одбележува овој толку значаен и важен јубилеј за Албанците, и не само за нив, меѓутоа, никако не сум инфериорно расположен дали ќе се гласа или не. Кога веќе не го прифаќате, а тоа се преаудицира преку Комисијата, која ете направила една друга грешка, за која денеска, дознав, ...

**САЛИ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Јас лично како опозиција и ако сакам да се одбележува сакам да не се гласа и да не се одбележува.Тоа се гледа и по Вашите реагирања иштo дискутираат само албанци. Значи или немате никакво поз-навање иако има тука пратеници од Битола кои ја знаат и зградата, ја знам и јас и наместо таа зграда сега да се стави под заштита на држа-вата веќе тука како што сум информиран живеат приватни луѓе кои можат да ја срушат во секое време. Но тоа има такви тешки последици за цела Македонија кои не можат да се предвидат. Затоа мене ништо не ми смета кога се одбележа и тоа се определив само со забелешки сепак во полза на Македонија што беше погрешно поставено во програмата и доаѓавте во спротивност со амандманите еден и два на Уставот на Македонија, ништо не ми смета кога ќе се одблежи 50-ет години од егзодусот на децата бегалци од егејскиот дел на Македонија. Тоа е хумано, добро, напредно, интересно, чувствително и симпатично. А утре кога ќе се одбележуваат десетина и стотина од ваков вид егзодуси на деца , жени и стари луѓе од Косово па спрема целиот свет, спрема Албанија, Црна Гора, Македо-нија и т.н. мене тоа не ми смета. И тоа не се многу празници за оваа година. Можеби има и други, можеби има и поважни. Мене не ми смета ништо што се одбележува 50-ет годишнината од Светскиот ден на здрав-јето, тоа треба да се одбележи,може но не мора. Тоа ќе го држи целиот свет, не ќе остане на нас баш тука, затоа тука се бараат и средства. Меѓутоа да не компарирам, да не споредувам кое е поважно , кое не е, за албанците овој е еден од најважните празници што го предлага г-динот Маличи. Не ми смета исто така кога се одбележува 50-ет годишнина од основањето на Институтот за национална историја на Македонија. се знае какви се нашите односи, колку се наши научни работници таму. Нека се одбележува и кога би имал време и кога би бил поканет би учествувал, ништо не ми смета. На тој начин треба да е и заедничка историја, за жал такви јубилеи не се слават заеднички. Да не говориме за 50-ет годишнината од донесувањето на Декларацијата за човковите права. Ова е поважно за нас тука тоа не интересира Битолскот Конгрес и тоа е доб-ро само ако се споредува ќе видиме, друга ранг листа ќе направиме. Исто така не ми смета ништо 90-ет години од манифестот на Светската група на Јане Сандански и мојата улица го носи неговото име и на некој начин се гордејам што го носи тоа име. Па дури 20 години од Македон ски железници. Значи железниците да слават, а азбуката на една нација, на еден народ кој живее тука со Вас, не. Затоа предлагам во корист е на ова Собрание предлагачите веќе се произнесоа изгледа дека таков ќе биде епилогот . Комисијата направила друга кардинална грешка за коај коалицијата треба да размислува нај сериозно. Би сакал да се одбележува, а би сакал да грешите и да не гласате. Видете што значи опозиција.

Поднесов нормално и пошироко излагање кое го доставувам во прилог на стенограмските белешки.

Ако е во Ваша полза, ако имате интерес, ако имате позна-вање, ако не почитувате, да Ве почитуваме исто така, ќе гласате за себе. Значи што се вели во народот: Кој му копа гроб на друг, самиот паѓа во него. Тоа се враќа како бумеранг. Лично би сакал да не гласа-те па да грешите. Значи не се лутам, тоа е важна работа.

(Прилог)

**Сали Рамадани:**

ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 1998 година

( Кратко излагање на 96-тата седница на Собранието на РМ на 14.07.1998 г.)

Врз основа на Одлуката за одбележување јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати линости во РМ, од група предлагачи пред нас се наоѓа ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 1998 гоина.

Воопшто речено тоа е добро и немам ништо против дека се предлага Програма.

Додека во членот 1 предлагачите се определуваат за една генерална, концептуална линија, зошто го поднесуваат овој предлог, дека овие настани и личности се од посебно значење за државно-правниот развој на РМ, афирмацијата на нејзиното историско и културно наследство и негувањето на општоцивилизациските вредности, што исто така немам ништа против, во членот 2, ги набројуваат таксативно седум важни јубилеи за седум настани од историски карактер.

Меѓутоа тука имам неколку примедби, забелешки и сугестии:

1.Прво, што се однесува до предлогвгот за одбележување на А 50 годишнината од егзодусот на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија", како стои во предлогот, како прва точка, тоа итекако треба да се одбележува и тоа на најсвеќен начин, но предлагачите лошо ја составија оваа реченица, не во однос како јас размислувам, бидејќи јас размислувам како размислува и апсолутното мнозинство на Македонскиот народ по ова прашање, туку ваквата формулација се коси со досегашните познати етавови на предлагачите, со програмските определби на нивните партии и нивната Влада на Владеачката партија на СДС, а тоа се коси и со амандманот 1 и 2 на Уставот на РМ во кои се вели:

1. "РМ нема територијални претензии кон соседните држави. 2. Границата на РМ може да се менува само во согласност со Уставот, а врз принцип на доброволност и во согласност со општоприфатените меѓународни норми те:

1. "Републиката при тоа нема да се меша во суверените права на други држави и во нивните внатрешни работи..."

Потенцирам дека ако мисли вака апсолутнто мнозинство, под сомнение дека може би е вака, па затоа не поднесов амандман, бидејќи кога би поднесол би интервенирал, зборовите " Егејскиот дел на Македонија" да се заменуваат со зборовите :"Егејска Македонија", што секако не е исто,

тогаш предлагачите се во право и би ги подржувал, меѓутоа тоа е антиуставно,а дека е така за овие скоро четири години, се произнесоа и претседавачите на овој висок законодавен дом!

Меѓутоа, ако вака мисли апсолутното мнозинство на Македонскиот народ, или пак подсвесно и предлагачите, тогаш ни се отвара друг проблем, за кој може да се води научно-правна и исаториско-политичка расправа и во Парламентот, па и во дурги форми, за кои предлагачите и нивните истомисленици скоро никогаш нема да бидат во состојба ниту да размислуваат затоа!

Ако е тоа рационално, јас сум меѓу оние кои е спремен и за таков тежок разговор и во тој поглед!

2. Второ:Повторно во редовите на предлагачите нема ниту еден потпис на пратениците Албанци, дури ниту од позицијата односно владината коалиција, што повторно е дискутабилна и сомнителна работа!

3. Трето, во врска со претходното произлегува само по себе дека меѓу овие седум предложени одбележувања на јубилеи за оваа година, немаат предложено ниту еден од многубројните настани и истакнати личности не само на Албанците воопшто кои се одбележуваат редовно заеднички, туку и на оние на Албанците на РМ или кои се поврзани во прв ред со настани во РМ!

Ваквото нешто се манифестира не само во писмено даденото мислење на Владата на Владеачката партија на СДС од 24. 06. 1998 година под бр. 07- 2202/6, која не стави никаква забелешка во овој поглед, не само дека постои неопходна потреба за одбележување и на заедничките и на посебните празници на Албанцците, туку како тие да не постоат воопшто, па дури и Комисијата за одбележување годишнини на значајни настани и личности во својот извештај под бр. 30-2506/2 од 22 јуни 1998 година на Собранието на РМ,

" Во расправата по амандманите 1 и 2, поднесени од пратеникот Назми Малиќи со кои се предлага дополнување на Програмата со одбележувањето на 90 годишнината од оджувањето на

Битолскиот конгрес на кој е, наводно, расправано за унификација на албанската азбука..."фалсификува толку познати историски факти , наводно дека " Комисијата го имаше предвид мислењето на Институтот дека Програмата не треба да го содржи ова одбележување, затоа што, наводно, на Битолскиот конгрес само се иницирало прашањето за унификацијата на албанската азбука, а Резолуција за отварање на учителска школа во Елбасан и воведување на албанскиот јазик во наставата во училиштата не била донесена на Елбасанскиот конгрес 1909 година, кој се слави во Република Албанија, како матична држава на Албанците".

Овие инсинуации не стоат никако! Тоа што го вели Комисијата, за жал, нема никаква врска со историската вистина, со дебелите книги и енциклопедии од целиот свет на многубројни јазици!

Тоа може да биде само импровизација за дневни политички цели на Комисијата и владеачката партија. Имено, на Битолскиот Конгрес, кој се вика Конгреси и Манастирит и тхемелимит те алфабетит те ѓухес шќипе" (Би-толски Конгрес на основањето на албанското писмо), нормално се водеше расправа, но на крајот не " иницирало прашањето за унификација на албанската азбука", како што инсинуира Комисијата, туку се донесе одлука и се основа првото заедничко писмо на Албанците.

Точно е тоа што го наведува во своето образложение З.Г. Малиќи, дека Владо Малевски, во својство на претседател на Одборот за одбележување на 60 годишнината на Битолскиот конгрес ја откри спомен плочата,( јас би додал: напишана на албански и македонски јазик) во зградата каде што е одржан конгресот, на 14 ноември 1968 година и во својот уводен збор за овој настан додаде:" и тн.,да не го цитирам во целина, само да додавам дека од тогаш памтам дословно една реченица на Владо Малевски, која бара еден адекватен одговор, но затоа и поопширно од^д во некоја друга прилика!

Манипулирањето на Комисијата со Елбасанскиот конгрес од 1909 година, отварањето на учителската школа, те каде се слави, каде треба да се слави, која чија е матична држава итн., нема никаква директна врска со Битолскиот конгрес на основањето на првото албанско писмо од 14-22. ноември 1908 година, ниту со интервенцијата на З. Малиќи и моите ставови.

За сето досегашното мое излагање за да не должам,поопширно приклучувам научно-правно-историски и лингвистичко-културенприод на стенографските белешки, додека амандманот на г-динот Малиќи го поддржувам и за него ќе гласам афирмативно, бидејќи исти или сличен амандман би поднесол и јас, само се одреknав, бидејќи нема потреба да се повторуваме.

**Сали Рамадани:**

ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА за одбележување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 1998 година

( 96-та седница на Собранието на РМ: 14.07.1998 )

Приложено по опширно излагање

Додека размислував за поднесување на ист или сличен амандман, го прелистав амандманот на З. Г. Назми Малиќи кого го подржувам во целина со додавање и потенцирање на следното од научно-правен и културно-историски карактер и аспект од познати дебели енциклопедиски книги од европско и светско ниво:

" Написаниот албански јазик се документира од 14 век со латинска азбука. Авторите од 16 и 17 век употребија латинска азбука со пет специјални букви. Истата оваа азбука, надополнета со некоја грчка буква, ја употребија и арбанашките писатели. Албанскиот јазик се напиша и со грчки букви, поради употребата на грчкиот јазик како јазик на православната црква. Под притисок на исламизмот и отоманските освојувачи, во албанското писмо од 18 век се употреби и турско-арапското писмо. Со ова беа написани литературните дела на " бекташиите ".

Во еден нов дух , длабоко национален го напиша и го разреши шзашањето на албанското писмо повиот ипеолог на нашиот Препород, Наум Веќилхарѓи.( в.)

Тој створи едно посебно писмо, различито од употребените писма до тогаш, срмемежејќи за да биде еднакво за сите Албанци. Понатамошни ангажирања за одредување на едно општо писмо за аланскиот јазик се направија во 60- тите година на минатиот век, како и подоцна, од една позната

патриотска група К.Кристофоридхи, П.Васа, Х.Тахсини, Ј.Вретуа, С.Фрашери идр.Нивниот труг кулминираше успешно само за време на Призренската лига. Во почетокот на 1879 година се призна писмото претставено од С.Фрашери, базирано на принципот " еден глас со една буква и една буква со еден глас".Ова писмо, познато под името " Истамбулско писмо", се базираше на латинското писмо, надополнувајќи се со неколку букви и други посебни букви.Тоа се прбшири нашироко и до крајот на 19 век беше главно писмо на нашиот Препород. Кога бројот на албанскит изданија се множија и се рашири мрежата на нивното печатење, техничките и другите причини , допринесоа да се створат и употребуваат различни писма.Се повеќе и повеќе се употребуваше обичното латинско писмо во разни варијанти, надополнувајќи ги неговите букви со диаграми или со дијакритички знаци.Различитоста на употребените писма во практиката на печатењето се зголемуваше систематски." (ФЕШ, стр. 18).

Конгреси и Манастирит ( Битолскиот Конгрес: 1908)

Конгреси Комбетар (Националниот Конгрес), одржан во Манастир(Битола)од 14 до 22 ноември 1908 година, за да расправува за некои важни прашања на нашето национално движење во таа етапа. Во нивниот епицентар беше конечното разрешување на проблемот на албанското писмо (в.), чије унифицирање настана како еден жешк политички, образовен и културен проблем и како едно ургентно барање на националното движење. За да би удоволиле на ова барање, албанските патриоти побрзаа да ја искористат створената состојба после објавувањето на Уставот на Османската Империја ( 23.07.1908 ). Неколку месеци потоа, Клуби" Башкими" и Манастирит ( Битолскиот Клуб " Башкими") стана иницијатор за закажување на Конгреси Комбетар ( Национален Конгрес), кој во историајата е познат како " Конгреси и Паре и Манастирит"( Прв Битолски Конгрес). Во него учествуваа 50 делегати на друштвата, клубовите и националните органи на поголемиот дел на албанските територии, како и на надворешните албански колонии (од диаспората-под.С.Р.), писатели и новинари, јазични експерти и учители на албанскиот јазик, познати дејци на националното движење, како Луиѓ Гуракуќи,Шахин Колоња, Ндре Мједа,Михал Грамено, Сотир Пеци, Хиле Моси, Мати Логореци, Бајо Топули, Герѓ Ќириази ( као и претседателот: Ат Ѓерѓ Фишта -под.С.Р.) и др.Конгресот од неговите редови избра една комисија составена од претставници на трите главни писма кои беа во употреба. После долгите дискусии се основа едно ново писмо, базирано целосно на латинското писмо, чии букви се надополнувале со девет дијаграми (дх,гј,лл, њ,рр, сх, тх, џх, зх) и со две букви со дијакритички знаци (ч, е ). На крајот Комисијата и Конгресот одлучија да се дозволи употребата, како на Истамболското писмо,кое имаше една _широка примена меѓу Албанците, како и новото писмо. Двете признатите писма се разликувале само во 7 букви.

Одлуките на Конгресот, кои беа кулминација на дејностите направени од многу генерации на истражувачите на албанскиот јазик и на нивните непрестани ангажирања за зближување и унификација, беа дочекани со голема радост и почнаа да се применуваат веднаш. Само за пар години писмото составена од Конгресот, кое е денешно наше писмо, набрдгу стана единствено албанско писмо.

Првиот Битолски Конгрес, имаше големо значење не само за писмото и за националниот литературен јазик, за образованието и културата, туку и за албанското национално прашање воопшто. За времто на одржувањето на Конгресот се организираа посебни средби и затворени седнци со најодлучните делегати и со најнапредни погледи. Во нив се третираа жешки политички проблеми. Обавените разговори послужија за зближување на погледите, за да би се одредила заедничката политичка платформа на националните организации и за да би ја координентирале подобро нивната дејност. Се состави и еден план на политичките, културните и економските барања од 18 точки, кој му се предаде на пратеникот од Корча, Ш.Колоња за да го поднесува во Парламентот во името на Албанците. Конгресот се ангажираше за да го покачи на едно повисоко ниво наципоналното движење." ( М.Д.)

Конгреси и Дуте и Манасатирит ( Вториот Битолски Конгрес:3.4.1910).

Сеалбанското Собрание за одбрана на албанското училиште и албанското писмо против новотурската реакција, за кулурниот напредок на Албанија и за понатамошното организирање на националното движење. Се закажа со иницијативата на Клубот " Башкими" те Манастирит ( од Битола). Во него беа претставени 40 клубови и друштва од разни места на Албанија. Учествуваа патриотите Дервиш Хима ( од Охрид- С.Р.),Петро Нини Луараси (в.), Хусни Цури и др.

Конгресот донесе програма од 10 точки, во кои се бараше слободата на наставата на албански јазик, повлекувањето на сите ограничувања кои ги правеше Владата за проширување на албанските

училишта, отварањето во Шкуп ( Скопје )на една учителска школа, седницата во Јанина на 20 јуни 1910 година на еден друг конгрес за конечна унификација на писмото и тн.На затворените седнци се даде ориентација за организирање на вооруженото востание.

Вториот Битолски Конгрес беше една важна манифестација кој му даде едно понатамошно поттикнување на Албанското национално Движење."( К. Пр., ФЕШ, стр. 510).

Конгреси и Елбасанит ( Елбасанскиот Конгрес: 2-8.септември 1909).

Собрание со сеалбански карактер, кое донесе важни одлуки за отварање на албански училишта и за други проблеми. Учествуваа 35 претставници на клубови и албански друштва, меѓу кои Орхан Појани, Григор Цилка, Севасти Кирјази ( од Манастир-Битола-С.Р.), Тхома Папапано, Николе Качори, Симон Шутериќи идр.

Конгресот одлучи да се основа во Елбасан, на есен 1909, една средна педагошка школа (учителска) на албански јазик со шест одделенија, која ќе припремаше учители за основните училишта со настава на албански јазик и која ќе се одржуваше со допринесот на сите албански клубови и друштва. Исто така се одлучи да се основа во Корча Централно школско друштво Перпарими (в.), кое ќе се побринеше за одржувањето и администрацијата на учителската школа, ќе работеше за отварање на другите албански училишта, за печатење на книги и албански учебници. На Конгресот се бараше да друштвото "Перпарими" да се признава службено од турската Влада. Беа ангажирани сите клубови и друштва, посебно клубот " Башкими" и Манастирит ( од Битола, в.) за да работат за воведување на албанскиот јазик во сите училишта во земјата и за да би обезбедила за ова службена дозвола од Владата.

На затворените седници, делегатите го изразија незадоволството и недовербата спрема новотурскиот режим, одлучноста за обезбедување на автономијата на Албанија и потребата за подобро организирање на тајните комитети кои дејствувале во рамките на клубовите. Одлуките на Е. К.му дадоа едно големо понатамошно поттикнување на националното движење, а посебно на борбата за отварање на албанско училиште и за албанското писмо". ( К. Пр., ФЕШ, стр. 511)

Благодарам- Тунгатјета!

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, господа министри, јас сум член на оваа Комисија. Да бидам искрен кога го слуш-ав излагањето на г-динот Маличи, неговите амандмани, јас сосема по-инаку се однесувам, не ноншалантно, туку размислував нешто друго. Меѓу тоа, кога беше спомнат покојниот ценет Владо Малески и неговото прис-уство на таа прослава 1968 година јас малку размислив што се тоа значи И не е битно нагласувам јас бев воздржан со уште еден член претставник на Социјалистичка партија. Денеска слушајки ги дискусиите дојдов до еден сосема нов заклучок за една случка што се случи кај ромите, од прилика слична работа. 1997 година на 8 април беше прославата на Прва-та ромска читанка, ама две прослави се одржаа, од сабајле незнам во која библиотека таму со присуство на министерката и дури и г-динот поранешен амбасадор на Италија Алберто Трони и тој беше таму , напра-вија што направија некои невладини и непартиски и незнам кои спротивни на нашата партија. Вечерта во Гранд хотел со претставници од сите на-ши ограноци од цела Македонија, најеминентни г-динот Киро Глигоров и Нада Глигорова, г-динот Љупчо Поповски, г-ѓата министерка за образо-вание, неколку наши други пријатели, претставници на Просветно дело, печатарите, претставници на Дипломатскиот кор од РМ ја овековечивме таа прослава и таа наша заедничка придобивка во ова време во РМ. Се мислам дека ова е слично на тоа, едни една прослава, други друга прос лава и малку натпреварување и на крај што ќе биде. Оваа година на 8 април ние пошто-пото бевме така натерани сите да одиме заеднички прво кај г-динот Тито Петковски,па кај претседателот на Владата па на крај кај претседателот.на Републиката и тоа носевме и човек кој што не е од наша партија, кој што е припадник на еден друг блок, да не речам кој, не е битно, една госпоѓа. Не мора нашите тајни да ги знае таа госпоѓа, ние разговаравме за тајни таму, знае претседателот.

Јас сметам , гледано со мои човечки очи во ранг на моите осознавања, бидејки се работи за кодификација, најверојатно за грама-тичката и лексичката норма на јазикот, тоа е тоа господа. Бидејки тоа е направено во Битола, а базирајки се на искажувањата на претставник-от на Министерството за култура, една драга госпоѓа да речам, дека никаде не може да најде трага од таа зграда, се урнала, не се урнала, се изградила, не се изградила, тоа ни беше главен адут да не

прифаќаме такво нешто и како коалиционен партнер она што луѓето овде зборуваа во иемто на разбирањето , довербата,толеранцијата, флексибилноста како максима за заеднички соживот, мислам дека овој пат треба да го прифа-тиме амандманот и тие добри денови на овие наши сонародници да ги ре-чам, сожители, да ги овековечиме и ништо не е лошо, ништо нема да из-губиме како Македонија, напротив ќе добиеме како Македонија ако ова го прифатиме исто онака како што добиваме и добивме претседател покро-вител на Интернационалниот фестивал на ромската песна и музика Шутка "Фолк-Фест", да биде г-динот Андов. Годинава очекуваме да биде г-динот Тито Петковски. Сите касети отидоа надвор од Македонија кај целиот дипломатски кор, во Советот на Европа и т.н. Со тоа ние се гордееме, тоа е голема гордост на еден мал народ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Дали некој друг бара збор?

**ЏЕИАДИН МУРАТИ:**
Јас мислам дека сите аргументи кои беа изнесени од прет-ходните дискутанти одат во прилог да се прифати амандманот на колегата Малиќи. Негледам никако сомневање, ниту проблем еден датум настанат во наш град Битола да се прифати како една историско-културна манифест ација на албанците кои живеат во Република Македонија. Албанците се

дел на оваа држава, граѓани на оваа држава кои придонесуваат во афир-мирањето на културните вредности, историските, заедништвото, политич-ките и економските аспекти и развој. И ценам дека треба да смогнеме сили овој значаен датум за историјата на албанците во целина и албан-ците во Македонија посебно да биде составен дел на оваа одлука за прос лавување на 95 години од азбуката на албанците, ден кој се случил во еден историски и културен центар како што е Битола, а РМ треба да се радува што на нејзина територија, во нејзин град се случил еден голем настан со културно историско вредносно значење. И од тие причини треба да ги поддржуваме залагањата кои одат во прилог овој настан да биде одбележан од државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Дали некој друг бара збор? (Никој)
Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници)
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.
Следниот амандман е беспредметен, господине Маличи.
Молам, колку пратеници се присутни во салата?
Немаме кворум. Гласањето не може да биде валидно.
Молам да се повикаат пратениците да влезат во салата.
Уште еднаш амандманот го ставамна гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници)
Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.
Следниот амандман ќе го повлечете, бидејки е беспредметен
Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а поднесен од пратеникот Рубинчо Белчески.
Молам, некој од предлагачите да се произнесе.

**АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ:**
Амандманот се прифаќа.

**ТИТ0 ПЕТКОВСКИ:**
Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на програмата.
Дали некој бара збор? (Никој)
Бидејки никој не бар азбор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на програмата го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеници)

Дали некој има против? (5 пратеници)

Дали некој се воздржув аод гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието ја доенсе Програмта за одбеле-жување годишнини на значајни настани и истакнати личности во 1998 год-ина.

Минуваме на точката пет - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за зголемување на вработувањето со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот , со Предлогот на закон от и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, од-нсоно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за доенсување на закон.

Молам, кој бара збор?

**ЗДРАВКО СТ0ЈК0ВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, минситри и заменици, јас илзлегов да го поддржам законот за зголемено вработување, што значи дека го поддржувам и Предлогот за измени и дополнвуање на законот. Со законот за зголемување на вработувањето што го донесовме на 18 декември 1997 година, а чија примена започна сметано од 1 јану-ари 1998 година и ќе важи до 31 декември 1999 година претставува една доста крупа придобивка на полето на вработувањето и намалување на не-вработеноста што впрочем го покажа досегашната кратка пракса со евидн-тни резултати. Имено од почетокот на неговата примена до денес според одредени податоци од Министерството за труд и социјална политика според законот имаме вработени вкупно 40.439 работници од кој број за полови-ната од нив работодавците не плаќаат придонеси, или поточно од придо-неси се ослободени 7.810 работодавци. Од сознанијата кои ги имам доби-ено од разговорите со претставниците на повеќе бира за вработување и со повеќе работодавци дојдов до сознание дека од примената на самиот закон големо е задоволството како кај работодавците така и кај самите нововработени, бидејки условите кои ги создадоа самиот закон создаде амбиент за работно ангажирање за поголем број на невработени од раз-ни струки и профили чија бројка според старите услови ќе беше далеку помала. И според евиденцијата на Бирото за вработување во Делчево и за подрачјето на општина Делчево и Македонска Каменица рапидно расте број-от на избришаните лица од евиденцијата на невработентие поради нивно вработување, а и работодавците со гордост ги пресметуваат и истакнуваат вредностите и износите на средствата кои требало да ги плаќаат на име придонеси, а според законот не ги платиле. И посебно потенцираат дека со тие средства стекнале можност да ги прошират како псотојните сопан¬ски активности, така и да започнат со нови дејности и бизниси, а со тоа во наредниот период очекуваат дека ќе се создадат услови за ната-мошно зголемување на профитабилноста на самите претпријатија и тргов-ски друштва и со тоа можност за нови вработувања. Имајки го во предвид фактот дека податоците со кои располагаме, а кои ни се презентирани дека истите произлегуваат од една анализа направена за неполни 6 месе-ци и ако се има во предвид дека тој тренд продолжува натаму, лично сме-там дека презентираната бројка во наредниот период на невработени лица согласно цитираниот закон за нововработени лица ќе биде двојно зголемен односно очекувам до крајот на годината да слушнеме за цирка околу 80 илјади нови вработувања, односно искрено очекувам дека предвидувањето на Владата на РМ за 50 илјади нови вработувања ќе бидат надминати. Сите овие податоци и факти и самиот развој на псотапката за отварање на нови работни места и нови вработувања ги исполнија не само очекувањата на повеќемина од нас, туку ги потврдија и нашите тврдења дека овој закон не е само маркетиншка порака на одредени структури во државата, бидејки според резултатите се покажа како доста продуктивен инструмент вонашата економија и нашето севкупно стопанисување. Како поткрепа на моето обра-ќање до Вас неспорно стојат непобитни и фактите што само во Акционер-ското друштво каде штојас работам согласно одредбите од Законот за зго-лемено вработување имаме вработено околу 200 работници • за кои што заш-тедата пресметана на име ослободување од плаќање на придонеси за пензис-ко и инвалидско осигурување, здравствено осигурување изнесува преку 500 илјади германски марки.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:** (продолжение)

Плаќање на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување, здравствено соидугурување и осигурување во случај на невработеност изнесува преку 500. 010.0 ГМ што верувам дека ке се согласите оти таа бројка не е за потценување.

Посебно треба да го истакнам податокот верувам дека и вас ве радува, што помеѓу споменатата бројка вработени лица, се нашле и 50 инвалидизирани лица.

Праксата покажа дека постојниот заикон за зголемвуање на вработувањето не дозволува на една категорија невработени да ги искористат погодностите што ги нуди Законот, кое нешто се осети веднаш понеговата примена кај повеке работодавци, па и кај нас. Тоа беа лица кои до влегувањето на Законот во примена нема еден година стаж на чекање на вреаботување, како и оние лица кои прв пат бараат работа. Таквите законски решенија не дозволуваат Законот да ја псотигне својата максимална цел односно во одредена мерка можнос-тите за нови вработувања беа намалени, на што се сугерираше од страна на работодавците, така и од страна на невработените лица, а тоа се дорази и на задоволувањето на потербата на работодавците од квалификувања на работна и млада сила, зголемување на производството и продуктивноста со повисоко ниво и подобрување на кадровската струк-тура на друпфтвото, и претпријатиајта и другите правни лица, а со тоа не беше доволен и поттикот на поголеми вработувања. Сето тоа ја наметна неопходната потреба, постојниот закон во одредени свои одрдби да биде изменет и дополнет со соодветни одредби за кои денес расрпаваме.

Предложените измени и дополнувања овозможуваат и други категории на невработени лица, покрај постојните во своето вработу-вање да бидат ослободени од плакање на придонесите, а тоа се лицата кои биле евидентирани во бирата за вработување, една година до момен-тот на вработување, како и оние кои за прв пат бараат работа.

Ценам деак предложените измени и дополнувања не се само указ на постојниот закон, туку претставуваат значајна новина која во многу краток период ке ги даде своите очекувани резултати и нивното донесување ке наиде на позитивен одзив кај работодавците.

Свесни сме дека и сегашните предложени измени и дополнувања нема да можеме да создадеме еден целосно идеален пропис со кој ке ги решиме сите проблеми околу вработувањето и намалувањето на невра-ботеноста, експресно на најниско ниво. Но, сепак, предложение измени и дополнувања создаваат реалност и можност и претпоставки за поголема стапка за зголемувањето на вработувањето.

Следењето на примената на Законот во наредниот период треба да биде перманентна грижа на Минситерството за труд и на Владата и сите сознанија до кој што ке дојде од анализите и следењето а кои ќе импонираат во нови решенија и можност од создавање на идни и слични услови за зголемување на вработувањето и треба да се вградат како нови законски решенија во стилот на предложениот.

Еден од основните мотиви кои ме овластуваат и ни даваат право да ги прифатам и,поддржам предложените измени и дополнувњеа во целост, се самите решенија кои се нудат, а кои досега не беа вградени, поради што и АД каде што сум вработен од новопримените 200 работници, од нив околу 20 не можат да бидат ослободени од плакање на придонеси.

Апелирам, до сите сегашни и идни структури на власта , управата и администрацијата и асоцијациите на стопанството и работо-давците на правилна примена на донесените решенија, а во тој дух предлагање има слични решенија и можности во наредниот период стап-ката на вработување. Амандманот што го предложив на што побрза интер-венција на овој закон и мислам дека министерството дека ке го прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

**АЦЕ К0ЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа,

И покрај тоа што ја потврдувам намерата на Владата да се справи со огромниот проблем на невработеност во РМ, и покрај тоа што не може, а да не го поддржам овој закон, пред се заради вас и заради јавноста би сакал да изнесам и едно малку поинакво видување, во споредба во она што е изнесено од Владата и од владините институции од претходниот дискутант во врска со ефектите од донесениот закон за зголемување на вработзеноста на РМ, притоа користејки ја офици-јачлната

информации тоа е оваа Информација од Заводот за платен промет на Македонија за стоапнско-финансиските движења во РМ, во периодот јануари-мај 1998 година. Значи се што ке кажам ке биде извлечено од оваа Информација, ништо нема да биде измислено како бројка или како факт, од мојата глава.

Прво, би сакал да ги негирам многу добро користените информации кои се што се пласираат во јавноста од страна на Владата, за страшно големите ефекти од донесувањето на Законот за зголемување на вработеноста на РМ. Имено, фактите покажуваат дека и покрај тоа што, благодарение на привилегието што работодавците ги стекнаа со

овој Закон, заклучно со 22 јуни 1998 година се регистрирани нови 40.439 вработени лица. Доколку од Зав одот за вработување се изнесе вистинските податоци за тоа колку е зголемен бројот на невработените лица на РМ, ке се иди дека резултатите не се така големи, така сјајни, како што Владата предвидува во пресред на изборите и да ги прифати затоа што знатно е згоилемен бројот на новопријавените лица во Заводот за вработување. Тоа е првата работа што сакам да ја кажам.

Втората работа што е многу битно да се изнесе е фактот дека сумата за платите на вработените се намалува согласно изветшаит ена Заводот за платен промет, иако, наводно, бројот на вработение е зголеме за 40.439. Имено, според податоците од оваа Инфорамција, во февруари 1998 година плати се исплатени 20.930 правни субјекти во РМ, во вкупен изнод ос 2.882.000.000 денари, а во мај 1998 година плати се исплатени кај 22.890 правни субјекти. Значи бројот на прав-нтие субјекти е зголемен, но во вкупен износ 2.702.000.000 денари, или за околу 180.000.000 денари помалку средства за плати се исплатени за вработените во РМ, иако наводно бројот на вработените е зголемен за 40.000 и повеке илјади лица. Ако направиме проста математика и бројот 40.000, наводно нововработени лица го помножиме со просечна плата даречам од 200 марки или од 5.000 денари, значи би требалО овој број на вкупно исплатени средства во вид на плати на вработените наместо да биде помал за 180.000.000 денари, треба да биде поглем за 200.000.000 денари, доколку тој број е вистински ефектиран во стопанството во РМ.

Значи, ако Владата тврди дека до мај 1998 година имало повеќе од 40.000 нови вработувања, зошто износот на изнесените плати е помал за 180.000.000 денари. Би го замолил претставникот на Владата доколку може да провери. Дали тоа значи дека вработените само фиктивнс се ориентираат, а не примата плата, или пак Владата да одговори каде и како се ефектури тој број на нововработени во РМ.

Трето, во месец мај во РМ исплатени се плати над 182.879 вработени. Од тоа во стоапнството 88.057 вработени примила плата, а 94.822 вработени во стопанството.

Би прашал Владата да го објасни фактот според кој на 31 декември 1997 година во нестопанството биле вработени 84.165 лица а за период од само пет месеци тој број е зголемен за 94.822 врабо-. тени односно за 9.657 лица во нестопанството во РМ. Би додал, зарем не го гледа тој факт и не мисли дека треба да се зголемува бројот на вработнеите во стоапснтвото, а не во нестопанството затоа што е очигледно дека бројто на вработенит во стоапснтвото кој се нама-лува во спрпрщдба со бројот на вработените во нестопанството Тоа пред се се должи на неконтролираното невработување на нови лица пред се на државната управа. Дали бројот на вработените во стопан-ството може на својот грб да го издржи се поголемиот број на врабо-тувања не продуктивни во нестопнакситеи односи во државната управа и администрација. Или, дали Владата овие вработувања во нестопан-ството ги смета за дел од продуктивните вработувања што ги заговара во последно време.

Без оглед, и колку Владата сака да ги покаже наводните ефекти, ке изнесам уште еден факт што може да предизвика долгорочни проблеми на стопанството во нашата земја.

Ако, за да се дојде до пораст на издустриското производсто! од 10,9%, колку што покажуваат официјалните податоци од Заводот за статистика на РМ, нереализираните обврски на стопанството споредбено со 31.декември 1997 година, односно 31 мај 1998 година, се зголемиле за 3.266.000.000 денари или за повеке од 100 милиони ДМ. Тоа се официјални податоци од оваа Информација. Значи испакга дека од една страна имаме зголемување на индустриското производство во Рм за 10,9% а од друга страна имаме згоилемување на нереализираните обврски во стопанството за 3.266.000.000 денари или за повеќе од 100 милиони ДМ. Значи за да се остварат 10,9% зголемено индустриско производство, стопанството ги згоелми неплатените обврски за 100 милиони ДМ. Прашувам повторно дали е тоа резултат на успешната мако-економска политика на Владата.

На крајот да изнесма уште една забелешка.

За разлика од првиот, Основниот закон за зголемување на вработнеоста, во кој беше точно наведено од каде ке бидат изворите на средства кои изнесуваат околу 60 милионИ ДМ за плакање на придо-несите на работодавците кои се ослободени и како што кажа претходниот дискутант неговата фирма заштедила 500 илјади ДМ. Мегутоа за тие 500.000 ДМ е оптеретен Буџетот на РМ, што значи сите грагани на РМ по пат на даноци и други обврски. Би прашал зошто Владата на РМ пред пратениците не излегува со конкртно видување колку предвидува да се потрошат средства за плакање на придонесите на новите вработу-вања кои ке бидат ослободени по овој основ односно по измените на овој Закон, што се прават и од каде ке бидат обезбедни тие средства.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Владо Наумоски, министер во Владата.

**ВЛАДО НАУМОВСКИ:**

Прво, сакам да истакнам и покај истажаните зборови Владата е горда со водењето на својата макро-економска политика и мисламд ека таа исправно ја води.

Податоците кои беа изнесени од оваа говорница се многу интересни, бидеајки се изнесуваат од Завод за платен проме, од Завод за статистика, а овде го разгледуваме Законот за побрзо враб отување. Што значи, податоците ки се прилагаат овде се од Заводот за вработување. тоа се податоци кои кажуваат за постојаното вработување, за склучетптте договори за вработување во РМ, а тие ро говооат следното:

Од Јануари до 13 јули се враоотени 43.45/ лица од кои без ослободување се вработени 20.908 лица, а со ослободување, со овој Закон 22.549 лица. Секако на овој податок треба да бидеме горди сите заедно а не само Владата.

Што се однесува околу помалку исплатените плати, секако многу е бите периодот кој е земен како дата за исплата на плати. Критичниот период ако сеземе за дата од 12-ти до 15-ти може да дојде до драстично зголемување на средствата на исплатени плати. Што значи периодот кој што е земен е исто многу битен и со него може да се манипулира околу исплатата на плати.

Околу изворите на средства од каде што ке се исплаќаат, односно од кад ешто ке се покриваат овие издатоци немавме потреба да ги повторуваме бидејки ги имашпе образложено во претходниот став.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Јас го почитувам мислењето на министерот дека овде се земени податоци од Заводот за вработување. Само би ве потсетил дека е истиот тој завод за вработување на РМ кој упорно од јавноста ги крие податоците за бројот на невработените лица заради наводно менвуање на компјутерскиот систем, а истиот OBOJ уавод за вработувае многу ажурно, дури за последните 15 дена ќе ви даде податоци за нововработените. Нели тоа ви е малку чудно и симпроматично.

Меѓтуоа тоа не толку важно, важно е што јас користев официјални податоци од државна институција и тука нема што да се полемизира. Едноставно тоа е така и не може да биде никако поинаку. Дури не ги земав и најнеповолните податоци затоа што ако се ппгнедне оваа табела ке се види дека например во октомври 1997 година биле исплатено маса на нето плати во износ од 3.033.000.000 денари за разлика од мај 1998 година кога се исплатени 2.702.000, а тогаш не беше во сила Законот и тогаш имаше помалку вработени во Македо-нија за 40.000, колку што сега Владата ги прикажува. Или ако ја погледнете табелата на страна 13 ке видите дека бројот на претпри-јатијата односно на блокираните жиро семтки во РМ на 31 мај 1998 гопдина изнесува 13.647, а во тие претприајтија на кои им се блоки-рани жиросметктие бројот на вкупнот број вработени работници изне-сува 116.635 лица. Значи толку илјади работници не можат редовно да земаат плата. Меѓутоа, тоа не е важно. Јас реков ке го поддржам овој Закон и ги поддржувам намерите на Владата да изнајде решение, се разбира, колку што.е во доменот на своите можности да се справи со овој најтежок проблем во РМ затоа што сите анкети,с ите испиту-вања на јавното мислење покажвуаат дека проблемот на невработеноста е проблем број еден на граганите во РМ. После доаѓаат

проблемите од социјалната свера итн. Тука нема дискусија. Само сум загрижен поради тоа што Владата се обидува сетоа тоа да го искористи во пресрет на изборите, мислам дека тоа не е добро.

**ВЛАДО НАУМОСКИ:**

Само едно дообјаснување, не е реплика, во секој случај.

Заводот за платен промет ги прикажува фианнсиските тран-сакции во Рм, а во масата на нето плати влегуваат и привременно вработените во РМ. Овој податок што го добивте овде е за постојано вработување во РМ. Така да не можеме да ги споредуваме нето платите исплатени со бројот на вработени, а во секој случај официајлен податок дава Заводот за вработување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика за г-динот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ова ке биде мое последно излегување по оваа точка од дненвиот ред.

Се извинувам, мегутоа министерот не ми даде доволно во РМ, каде се регистрирани парите кои во вид на плата се исплатени за тие работници кога во Македонија вкупната сума на пари за плати е многу помала во однос на декември или октомрви минатата година. Како земале плата тие луѓе, или тие земаат плата, новите 40.000, а други 40.000 останале без плата и останале на улица, што знач9 прелевање од пушло во празно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г.днност Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, На самиот почеток ќе кажам дека го поддржувам донесу-вањето на овој закон од повеќе причини.

Една од основните причини е што досегашните иземни на овој закон и покрај тоа што беше наведено од г-динот министер дека се вработени, по некои податоци 41 илјада нововработени, а некои 43 илјади, но во секој случај околу 40 илјади нововработени. Меѓу-тоа имаме и друг факт дека имаме новопријавени невработени, многу повеќе од оваа бројка. Сега, без оглед дали тоа официјалните органи ќе го потврдат или не, меѓутоа тоа е така. Овој закон би можел да значи чекор напред, уште еден обид да се надмине големата неврабо-теност што знаеме дека и со таа борјка често пати се манипулира и шпекулира. Меѓута, таа бројка е некаде околу 330 илјади невработени во РМ.

Е сега, затоа сметам дека задача број 1, задача број 2, задача број 3 на секоја Влада, и на оваа , и на идна, и на овој Парламент, и на идниот парламент мора да биде решавањето на проб-лемот на невработеноста, бидејќи таа е , навистина, најголем проблем на државата.

По стапката на невработеност , за жал сме на дното на скалата на Европа, односно имаме највисока невработеност и покрај тоа што се смета невработеноста споредена со вкупното население, а не само со она , работоспособно население, па оваа бројка од 330 ил-јади ако се спореди со вкупната бројка од работоспособно население, сигурно дека ќе биде некаде околу 40%.

Оттаму, сметам дека сите усилби на секоја Влада, на секој Парламент, на секој оној кој се занимава со политика треба да биде борбата против невработеноста. Таа е главната опасност за држа-вата, бидејќи бројката од 330 илјади невработени е, навистина, фрапантан.

Кај нас, за жал, од некои други земји во транзиција што релативно безболно ја преживејаја оваа транзиција, односно приватизацијата донесе многу поголема невработеност од што се очекуваше.

Од друга страна, пак, како што е познато, во сите по-ранешни земји на источниот блок се води прашање околу тоа колкава ќе биде справедливоста на оваа приватизација. Се води дискусија во кој процент населението ќе добива бесплатни акции, односно т.н. систем на ваучери. Како што е познато, во Унгарија каде тој процент е најмал се води дискусија дали да биде 5 или 10% ваучери бесплатно поделени на населението, во Полска цифрата е многу поголема, во Словенија, во Чешка и покрај тоа што некои беа скептици. За жал, кај нас тој систем не се примени и немаме систем на

ваучери, односно барем еден извесен процент. Никој не се залага и никаде не е реално сосема сите акции да бидат бесплатно поделени.

Кај нас, системот на ваучери воопшто не профункционира, така што можеме да речеме дека немаме една социјална правда во при-ватизацијата. А, од друга страна, приватизацијата даде многу, со мали исклучоци, многу несакани последици, односно произведе голема невработеност.

Оттаму сметам дека усилбите на секоја Влада, на секој еден субјект мора да бидат кон намалување на невработеноста.

На крајот сакам да кажам дека нашата партија, ЛДП има конкретна програма со која бројот на невработените во рок од две години ќе го намали. Во спротивно, таа ќе си замине од власта, ако ја освои, ако не ја намали таа невработеност...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За пропагандата друг пат, ве молам.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Па пропаганда беше и од министерот, господине.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не. Тоа е Влада. Овде ќе разговараме како пратеници, како пратенички групи и министри.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

И, на крајот би додал дека оваа приватизација, исто така, за жал, од Владата не беше проследена со социјална програма што би ги ублажила негативните тенденции односно суровите реперкусии на оваа приватизација.

Јас, поради овие причини што ги кажав, почитувани пра-теници, сметам дека еве и овој закон ќе биде уште еден обид на Владата, бидејќи и досегашните мерки, и покрај тоа што Владата сме-та дека се успешни, за мене лично и за мојата пратеничка група не беа успешни и не се дадени очекуваните ефекти. Но, еве ние, како позиција, сите вакви идеи ги поддржуваме и ќе гласаме за овој закон.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Наумовски, министер во Владата на РМ.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Сакам да истакнам дека прв пат оваа година после некол-ку години се намалува борјот на невработени, што значи дека законот е успешен и вработувањето оди според некоја договорена програма. А во делот на тоа дека оваа Влада успешно работи на овој проблем се покажува по намалувањето на невработеноста и таа Влада го прави тоа сега оваа година , а ако има можност некоја друга Влада во след-ните години, ќе видиме кога ќе ги добие изборите, во секој случај.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Слушнавме и сега една многу интересна работа, интерес-на дискусија - за две години, дај боже да е така, ќе ја ликвидираме невработеноста и ке бидат сите вработени и нашите гоаѓани ке живеат подобро.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте та.ка, ќе увезуваме работници ако за две години ги вработиме сите.

**ФАИК АБДИ:**

Јас верувам во тоа. Опростете г-дине претседателе, јас верувам многу во тоа. Знам дека ќе почне после оваа седница, да ре-чеме таму кон крајот на август, па септември и октомври, ќе видиме кој повеќе ќе вработи, кој што ќе направи и тн. Сите имаме некоја програма, во тајност ја држиме, ќе ја обелодениме и ќе биде подобро.

Но има еден факт што го слушнав овде сега. Кај мене се создаде еден логичен заклучок дека приватизацијата и понатаму продолжува , и понатаму трендот на опаѓање на работната сила во одредени фирми опаѓа заради тоа што има резерви, а пак се примаат нови работници, иако некој голем стручњак од факултетот економски, доктор професор тврдеше дека ќе дојде до нулта резултат меѓутоа, јас денес гледам дека не е тоа мулта резултат, ами е голем резул-тат со такви работници да се зголеми производството за 10%. Тоа значи и со помало учество на работната рака да се добие 10% односно 10,6% колку е таму зголемено производство. Тоа е голема работа и само така ако продолжиме ќе биде добро.

Уште една работа. Со законот рековме дека се ослободу-ваат новите вработувања од плаќање пензиско и социјално осигурување и тоа на товар на буџетот. Меѓутоа, ако создаваат доход, се одано-чузва доходот, значи пак се зема нешто, пак се дава нешто. И ова што се прави сега, што го правиме како Парламент, како Влада, тоа е во корист да речеме на идната Влада, не е важно која ќе биде. После година дена тие нововработени, за тие нововработени ќе има и придонесе. Значи, Буџетот ќе има нови средства, ќе има прилив на средства и од таа страна, затоа треба да се рече фала лепо што е направено, ние сега користиме, добиваме пари, оние кои ќе бидат на власт. Дали ќе биде СДСМ, дали Либералите, дали ПЦЕР ќе биде на власт или незнам кој, сеедно е, главно во Буџетот на државата ќе дојдат средства и по овој основ, откако ќе заврши важноста на зако-нот. Мене ме радува фактот што од една страна се намалува бројот на вработените, од друга страна имаме пораст на индустриското производ-ство , воопшто на производството. Треба да се радуваме сите, Маке-донија треба да се радува. Тоа значи појдовме кон нешто подобро. Дека треба и понатаму такви услиби да правиме, треба. Што помалку невработени треба, сигурно, меѓутоа неможе преку ноќ.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Молам, дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за зголемување на вработувањето

Кој е за предложениот заклупок, молам да крене рака.

Шеесет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Молам, да се провери колку пратеници има во салата. (по пребројувањето)

Шеесет и три пратеници се присутни во салата. Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

Педесет и пет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање' (никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон:

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот прет-рес и отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Пратениците Љубиса Иванов, Љубомир Поповски, Мирко Иванов, Мирко Трипуновски, Мирко Пецов, Бранко Арсовски, Јова Лазаров и Мирко Лазаревски поднесоа амандман за додавање нов член 3 по членот 2 , по кој Владата не се произнела.

Пратениците Слободан Богдановски и Драгољуб Поповиќ поднесоа амандман за додавање нов член 3 по членот 2, по кој Вла-дата не се произнела.

Пратеникот Здравко Стојковски поднесе амандман на член 3 по кој Владата не се, произнела.

Пратениците Љубомир Поповски, Јован Лазарев, Мирко Пецов Слободан Богдановски и Драгољуб Поповиќ поднесоа амадман за додавање нов чен 3 по член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3 по член 2 поднесен од пратениците Љубисав Иванов, Љубомир Поповски, Мирко Иванов, Мирко Припуновски, Мирко Пецов, Бранко Арсовски, Јован Лазарев и Мирко Лазаревски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Го повлекувате амандманот. Предлагачите го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3 по член 2 поднесен од пратениците Слободан Богдановски и Драгољуб Поповиќ.

Го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Наумовски.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3 по членот 2 поднесен од пратениците Љубомир Поповски, Јован Лазарев, Мирко Пецов, Слободан Богдановски и Драгољуб Поповиќ.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Со овој амандман се овозможува вработување без придонес на лица вклучени на обука , преквалификација, доквалификација кои користат средства од Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Оваа измена е во согласност со пакетот на мерките на Владата за поддршка на подобрување на условите за работата на стопанството и зголемување на вработеноста. Според тоа, Владата го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Шеесет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Колку пратеници се присутни во салата? (по пребројувањето.)

Шеесет и еден пратеник е присутен во салата, очигледно некој пратеник не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изме-нување и дополнување на Законот за зголемување на вработувањето.

Од оваа седница ни остана уште Интерпелацијата за рабо тата на министерот за труд и социјална политика.

Сакам друго да ве прашам, дали сте расположени денес да ја звршиме онаа седница за Извештајот на Комисијата за контрола на службата за државна безбедност. Бидејќи е претседателот тука го прашувам претседателот. (да)

( Седницата прекина во 17,05 часот. )